Програма на Европската Унија за транзициска помош и институционален развој – ТАИБ 2010

# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА НА ЛОКАЛНО НИВО

## *Упатство за подготовка и спроведување на ЛЕАП*

*Финална верзија, датум 08.03.2016*

**EuropeAid/134079/D/SER/MK**

Проектот е финансиран од

Европската Унија

Проектот е имплементиран од Ramboll

и нејзините конзорциумски партнери

| | |
|---|---|
| Датум | 8 Март 2016 |
| Изготвил | Мајкл Лавел и Славјанка Пејчиновска-Андонова |
| Проверил | Фана Христовска и Иан Маклеан |
| Контролирал | Раул Дауса |
| Опис | Упатство за подготовка и спроведување на ЛЕАП |
| Реф: | EuropeAid/134079/D/SER/MK |

Содржината на овој извештај е единствена одговорност на Ramboll Данска A/S и нејзините конзорциумски партнери и во ниеден случај не ги одразува ставовите на Европската Унија.

Ramboll
Hannemanns Allé 53
DK-2300 Copenhagen S
Denmark
T +45 5161 1000
F +45 5161 1001
www.ramboll.com

# СОДРЖИНА

**СИНОПСИС НА ПРОЕКТОТ** **2**
**АКРОНИМИ** **1**
**1. ВОВЕД** **2**
1.1 Услови во проектните задачи 2
1.2 Концептот на ЛЕАП 2
**2. СКОК ВО ИДНИНАТА** **3**
2.1 Упатство од РЕЦ; „Вовед: Што е локална еколошка акциона програма?" 3
2.2 Учество на јавноста 4
2.3 Координатор за ЛЕАП 5
2.4 Општа рамка 5
2.4.1 Упатството на РЕЦ 6
2.4.2 Методологијата од 2007 година 6
2.5 Изработка на ЛЕАП 7
2.5.1 Развој на визија на заедницата 7
2.5.2 Оцена на еколошките проблеми 8
2.5.2.1 Формат на ЛЕАП за мали рурални општини 9
2.5.2.2 Општините во град Скопје 10
2.5.2.3 Град Скопје и 10-те големи рурални општини 10
2.5.3 Работни групи 11
2.5.4 Поставување приоритети 11
2.5.5 Определување на најсоодветните стратегии 13
2.5.5.1 Подготовка 13
2.5.5.2 Цели 13
2.5.5.3 Мерки 13
2.5.5.4 Активности 14
2.5.5.5 Акциски план 14
2.5.6 Мерки за публицитет 17
2.5.7 Образец за ЛЕАП 19
2.6 Спроведување на ЛЕАП 20
2.6.1 Известување за ЛЕАП 20

## АНЕКСИ

**АНЕКС 1 - ЗАКОНОДАВСТВО И ДРУГИ УПАТСТВА**

**АНЕКС 2 - ИЗВЕШТАИ И АНАЛИЗИ ОД ПРОЕКТОТ**

**АНЕКС 3 - ПОТЕНЦИЈАЛНИ ТЕМИ И АКТИВНОСТИ ЗА ЛЕАП**

**АНЕКС 4 - DPSIR И SWOT**

**АНЕКС 5 –МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛЕАП ОД 2007 ГОДИНА**

# СИНОПСИС НА ПРОЕКТОТ

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на програмата** | Програма на Европската Унија за ИПА техничка помош и институционална надградба - ТАИБ 2010 | | |
| **Име на проектот** | Зајакнување на капацитетите за спроведување на законодавството за животна средина на локално ниво | | |
| **Референтен број:** | EuropeAid/134079/D/SER/MK | | |
| **Број на договорот** | 11-41299/1 | | |
| **Времетраење на проектот** | Јануари 2015 – Јули 2016 | | |
| **Почеток на проектот (Датум на иницијален состанок)** | 20 Јануари 2015<br>(22 Јануари 2015) | | |
| **Датум на завршување на проектот** | 20 Јули 2016 | | |
| **Име:** | Јадранка Иванова, ВПС | Радица Коцева,<br>Раководител на ЦФСД | Раул Дауса, Директор на проектот |
| **Улога:** | Корисник | Договорен орган | Извршител |
| **Адреса:** | МЖСПП<br>Бул. „Гоце Делчев" бр. 18 (Зграда на МТРВ, 10-ти кат)<br>1000 Скопје, Република Македонија | ЦФСД<br>Министерство за финансии<br>Ул. „Даме Груев" бр. 14<br>1000 Скопје, Република Македонија | Ramboll<br>Hannemanns Allé 53, 23000 Копенхаген, Данска |
| **Телефон:** | +389 75 250 234 | | +45 5161 6942 |
| **Факс:** | + 389 2 3220 165 | +389-2-3231-219 | +45 4598 8510 |
| **E-mail:** | j.ivanova@moepp.gov.mk; jadrankaivanova@hotmail.com | radica.koceva@finance.gov.mk | RD@ramboll.dk |
| **Лице за контакт:** | Јадранка Иванова | Радица Коцева | Раул Дауса |
| **Општа цел** | Општата цел на проектот е да се придонесе за подобрување на заштитата на животната средина, мониторинг и спроведување на националното законодавство за животната средина во Република Македонија како на централно така и на локално ниво. | | |
| **Цел** | Целта на овој проект е:<br>• Да се зајакнат капацитетите на ЕЛС за спроведување на законодавството за животна средина. | | |

| | |
|---|---|
| | • Да се подобри координацијата меѓу централната и локалната власт во спроведувањето на законодавството за животна средина. |
| **Очекувани резултати** | **РЕЗУЛТАТ 1 Зајакнат административен капацитет**<br>• Оцена на административните капацитети на локално ниво за спроведување и оцена на вршењето на нивните законски надлежности за животната средина;<br>• Програма за реформа и зајакнување на административниот капацитет за спроведување на законодавството за животна средина на општинско ниво придружена со подготвена листа на правни документи кои го поддржуваат спроведувањето на животната средина на локално ниво.<br>• Одобрена Програма за краткорочни и долгорочни обуки и организирани обуки во согласност со краткорочната Програма;<br>• Зајакнати административни капацитети за спроведување на законодавството за животна средина на централно и на локално ниво;<br>**РЕЗУЛТАТ 2 Подготвени правни документи за животната средина кои придонесуваат за спроведување на животната средина на локално ниво**<br>• Подготвени правни документи (прирачник, упатства, листи за проверка, постапка или др.) и ако е потребно правни акти за спроведување на избрани правни акти за животната средина во надлежност на ЕЛС, вклучително и Упатства за оцена на елаборатите за заштита на животната средина на локално ниво, според член 24 од Законот за животна средина;<br>• Подготвено Упатство за подготовка на инфраструктурни проекти финансирани од ЕУ,<br>• Подготвена Програма за подигнување на јавната свест за животната средина на локално ниво; и<br>• Подготвена и спроведена за избраните ЕЛС Надградба на дизајнирана (софтверска) и развојна Програма за воспоставување на систем за собирање на податоци, известување и информации.<br>**РЕЗУЛТАТ 3 Имплементирани усвоените правни документи за животната средина на локално ниво.**<br>• Спроведени избраните (од најголем приоритет) мерки од Програмата за реформа и зајакнување на административните капацитети за спроведување на барањата на животната средина на општинско ниво;<br>• Организирани обуки за развој и спроведување на Локални еколошки акциски планови за 40 луѓе и подготвени препораки за подобрување на процесите за ЛЕАП и мониторинг на спроведувањето на ЛЕАП во избрани ЕЛС;<br>• Подобрена спроведување на законодавството за животна средина на локално ниво кое главно се однесува на квалитетот на воздухот, водата и секторот за ИСКЗ со фокус на прашањата кои треба да се земат предвид при издавање на дозволи за Б - инсталации (мониторинг на воздухот и бучавата, оцена на влијанието врз животната средина преку елаборат за заштита на животната средина) и подготвени подобрени и спроведливи прирачници, упатства и листи за проверка за оваа цел. |
| **Главни активности** | • Активност 1 Изготвување и спроведување на план за вклучување |

<table>
<tr><td></td><td>на засегнати страни<br>• Активност 2 Оцена на законските барања за активности за заштита на животната средина во ЕЛС и оцена на административните капацитети за спроведување и развој на потребната програма за реформи<br>• Активност 3 Спроведување на зајакнувањето на административниот капацитет во ЕЛС<br>• Активност 4 Зајакнување на развојот и спроведувањето на локалните акциски планови за животната средина<br>• Активност 5 Развивање и спроведување на програма за обука<br>• Активност 6 Подигнување на јавната свест и управување со информации</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td>Клучни чинители</td><td>• Министерство за животна средина и просторно планирање (Сектор за соработка со локалната самоуправа, Одделение за ИПА, Сектор за ЕУ);<br>• Министерство за локална самоуправа;<br>• Заедница на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС);<br>• Девет (9) избрани пилот ЕЛС;<br>• Осумте (8) Центри на планските региони;<br>• НВО кои се релевантни за активностите на проектот;<br>• Б инсталациите во рамките на деветте (9)избрани ЕЛС;<br>• Јавни комунални претпријатија;<br>• Јавноста во целина.</td></tr>
<tr><td>Целни групи</td><td>• Министерство за животна средина и просторно планирање (Сектор за соработка со локалната самоуправа, Одделение за ИПА, Сектор за ЕУ);<br>• Министерство за локална самоуправа;<br>• Заедница на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС);<br>• Деветте (9) избрани пилот ЕЛС;
<table>
<tr><td>Плански регион</td><td>Град/ЕЛС</td></tr>
<tr><td>Скопски регион</td><td>- Град Скопје<br>- ЕЛС Ѓорче Петров<br>- ЕЛС Аеродром</td></tr>
<tr><td>Полошки регион</td><td>- ЕЛС Тетово<br>- ЕЛС Гостивар<br>- ЕЛС Јегуновце</td></tr>
<tr><td>Југозападен регион</td><td>- ЕЛС Охрид<br>- ЕЛС Македонски Брод<br>- ЕЛС Дебарца</td></tr>
</table></td></tr>
<tr><td>Број на извештај</td><td>Водич за подготовка и спроведување на ЛЕАП</td></tr>
<tr><td>Автор на извештајот</td><td>Мајкл Лавел и Славјанка Пејчиновска - Андонова</td></tr>
</table>

# АКРОНИМИ

| | |
|---|---|
| ПУКВ | План за управување со квалитетот на воздухот |
| ЦИЕ | Централна и Источна Европа |
| ГС | Град Скопје |
| DPSIR | Двигатели, притисоци, состојба, влијанија и одговор |
| ОВЖС | Оцена на влијанието врз животната средина |
| ЕАП | Еколошки Акциски План |
| ГУП | Генерален урбанистички план |
| МС | Меѓуопштинска соработка |
| ИСКЗ Б дозвола | Дозвола за интегрирано спречување и контрола на загадувањето (најнизок тип) |
| ЛЕАП | Локален Еколошки Акциски План |
| ЗКД | Закон за комунални дејности |
| ЗЖС | Закон за животна средина |
| ЗЛС | Закон за локална самоуправа |
| ЛУК | Локален Управен Комитет |
| ЕЛС | Единица на локална самоуправа |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| КЦО | Комунален цврст отпад |
| НО | Невладина организација |
| ЈКП | Јавно комунално претпријатие |
| ПУРС | План за управување со речен слив |
| РЦЖСЦИЕ | Регионален центар за животна средина за Централна и Источна Европа |
| СОЖС | Стратешка оцена на животната средина |
| МСП | Мали и средни претпријатија |
| SWOT | Силни страни, слаби страни, можности и закани |
| ПЗ | Проектни задачи; „Зајакнување на капацитетите за спроведување на законодавството за животна средина на локално ниво" (EuropeAid/134079/D/SER/MK). |
| ТИ3 | Технички извештај 3 од проектот - Преглед на локалната самоуправа, надлежности во спроведувањето на законодавството за животна средина - Правна анализа и препораки |
| ТИ5 | Технички извештај 5 од проектот - Преглед на ЛЕАП |
| ТИ10 | Технички извештај 10 од проектот -Преглед на методологијата за изготвување на ЛЕАП |
| ТВ | Телевизија |

# 1. ВОВЕД

Овие Упатства се подготвени во рамките на проектот „Техничка помош за зајакнување на капацитетите за спроведување на законодавството за животна средина на локално ниво" (EuropeAid/134079/D/SER/MK). Проектот е финансиран од Програмата за транзициска помош и институционална надградба на Европската унија - ТАИБ 2010година.

Подготовката и спроведувањето на локалните еколошки акциски планови е важен елемент во напорите на Република Македонија за подобрување на животната средина повеќе од една деценија. Значително искуство е стекнато од претходните активности и МЖСПП смета дека сега е време за преглед на методологијата.

## 1.1 Услови во проектните задачи

Првата точка на член 4.2.4. од обврската на проектот во врска со *„Зајакнување на развојот и спроведувањето на локалните еколошки акциски планови"* бара оцена на некои од постарите ЛЕАПи и препораки за подобрување.

Во периодот помеѓу август и декември 2015 година тимот на проектот анализираше седум од постоечките ЛЕАПи во избраните општини, во согласност со методологијата одобрена од Управниот Комитет и подготви Технички извештај 5 (ТИ5). Тимот на проектот, исто така, подготви препораки за подобрување на процесот на ЛЕАП и подготви Технички извештај 10 (ТИ10). ТИ5 и ТИ10 беа одобрени од страна на Управниот Комитет.

Втората точка на член 4.2.4 од ПЗ ги опишува понатамошните активности кои е потребно веднаш да се спроведат, и тоа;

> *Врз основа на анализата, Изведувачот треба да подготви препораки за подобрување на процесот на развој и следење на спроведувањето на ЛЕАП во избраните општини и треба да ја разгледа методологијата за изработка на ЛЕАП (2007) и треба да изработи ажурирана верзија, ако тоа е потребно;*

Во овој документ е ревидирана постапката за подготовка и спроведување на Локални Еколошки Акциски Планови.

## 1.2 Концептот на ЛЕАП

Концептот на Локалниот Еколошки Акциски План (ЛЕАП) опфаќа широка вклученост на различните групи и граѓаните во планирањето и спроведувањето на подобрување на животната средина во општината. Тој треба да биде активно поддржан од ЕЛС. Планот треба да содржи визија на долг рок, со краткорочни и среднорочни планови и да се движи кон остварување на таа визија.

Современите меѓународни трендови во локалната власт го поттикнуваат учеството на јавноста. Се смета дека поголемото внимание за вклучување на реалната јавност во процесот на ЛЕАП ќе резултира со поголема свест за животната средина и подобрување на животната средина на подолг рок.

Ова Упатство е следниот чекор во промената на процесот на донесување на ЛЕАП, да го поедностави и да го направи да се фокусира повеќе на постигнатите подобрувања на животната средина и зголемувањето на јавната свест за животната средина.

Како основа земена е оригиналната Методологија, подготвена во 2007 година. Методологијата во свое време беше многу корисен документ. Пристапот, во оваа прилика, е да се развие поедноставен документ кој ќе биде од практична корист за луѓето кои ќе ги развиваат и имплементираат ЛЕАПите.

# 2. СКОК ВО ИДНИНАТА

Во ова упатство се препорачува дека треба да се направи јасна разлика меѓу активностите кои се под контрола на општината и активностите за кои е потребен придонес од надворешни агенции. Исто така се препорачува главниот фокус на ЛЕАП да бидат активностите што се во надлежност на општината.

## 2.1 Упатство од РЕЦ; „Вовед[1]: Што е локална еколошка акциона програма?“

Упатството за ЛЕАП на Регионалниот центар за животна средина укажува дека темел е подобрувањето на животната средина и вклучувањето на јавноста, како што следува;

Во Прегледот од упатството на РЕЦ, се вели:

> *„ЛЕАПите вклучуваат развој на визијата на заедницата, оцена на животната средина, поставување приоритети, идентификација на повеќето соодветни стратегии за справување со најголемите проблеми и спроведување на активности со кои ќе се постигнат вистински подобрувања на животната средина и здравјето на луѓето. ЛЕАПите се засноваат врз значајно учество на јавноста во донесувањето одлуки од страна на локалната самоуправа.“*

Основната тема е вклучување на заедницата во локалната власт. Упатството поставува пет цели:

(1) Развој на визија на заедницата,

(2) Оцена на прашањата за животната средина,

(3) Одредување приоритети,

(4) Идентификација на најзначајните стратегии, и

(5) Спроведување на активностите.

Упатството на РЕЦ поставува некои цели кои најчесто се посочени во ЛЕАПите:

> *а) Подобрување на условите на животната средина во заедницата преку спроведување на конкретни, ефективни акциски стратегии;*
>
> *б) Промовирање на јавната свест и одговорноста за животната средина и зголемување на поддршката на јавноста за акциски стратегии и за инвестиции;*

---

[1] Регионален центар за животна средина; - Упатство за спроведување на локални програми за животна средина. РЕЦ е меѓународна невладина организација главно вклучена во решавањето на прашањата за животната средина во Централна и Источна Европа, преку унапредување на соработката меѓу другите невладини организации, владите, бизнисите и другите заинтересирани страни на животната средина. РЕЦ подготви документ со упатства за методологија за изработка на ЛЕАП.

*в) Зајакнување на капацитетот на локалната власт и невладините организации за управување и спроведување на програмите за животната средина, вклучувајќи ги и нивните способности да добиваат финансиски средства од домашни и меѓународни институции и спонзори;*

*г) Промовирање на партнерства меѓу граѓаните, локалните власти, претставниците на невладини организации, научниците и бизнис заедницата и учење да работат заедно на решавањето на проблемите на заедницата;*

*д) Определување, оцена и поставување на приоритети за активности за животната средина врз основа на вредностите на заедницата и научните податоци;*

*ѓ) Изработка на локален ЛЕАП кој ги идентификува конкретните активности за решавање на проблемите и промовирање на визија на заедницата; и*

*е) Исполнување на националните регулаторни барања за подготовка на еколошки акциски планови, како што се бара од националните власти во некои земји од Централна и Источна Европа.*

Пристапот значи вклучување на јавноста со приоритизација „од долу нагоре" и развој на еколошки активности.

Следните коментари се вклучени подоцна во упатството од РЕЦ:

*„Промената кон децентрализација е важен аспект на процесот на транзиција кон демократија. Новиот акцент на локалната контрола на еколошките проблеми признава дека локалните власти и нивните граѓани имаат подобро разбирање на локалните проблеми, прашања и потреби".*

*„Така, ЛЕАПите нудат единствена можност за промовирање на практиките за учество во донесувањето одлуки - основата на секое демократско општество"*

*„Изработката на еколошките акциски планови започнува со утврдување на целите на животната средина, насоките и индикаторите. Целите на животната средина нудат можност да се изгради консензус помеѓу групата на чинители, за тоа што се надева дека ќе постигне во текот на еден определен временски период, пр. три/пет години. Целите се мерливи обврски што ќе се реализираат во рамките на определен временски период и се користат во евалуацијата и мерењата на напредокот во спроведувањето на ЕАП, додека индикаторите мерат дали се постигнати целите на животната средина."*

## 2.2 Учество на јавноста

И покрај тоа што не може да биде сосема точно да се тврди, како што е наведено погоре, дека јавноста ја разбира состојбата многу добро, ова може да се подобри со текот на времето, со сеопфатни кампањи за подигнување на јавната свест.

Вклучувањето на јавноста мора да биде главниот фокус. Во фазата на изработка на ЛЕАП, тоа може да има различни форми;

- Нема информации обезбедени од ЕЛС, кажете ни го вашите мислење без задршка;

- Предложете теми, кажете ни го вашите мислење;
- Општината го прави првичниот нацрт - распоред на теми и можни акции за коментари;
- Јавни изложби и состаноци за да се дискутираат прашањата од животната средина.

Се смета дека барањето јавноста да коментира без упатство е од мала корист. Обезбедувањето на почетниот нацрт распоред на „Теми, проблеми, цели, мерки и активности", проследено со јавна претставување, може да биде најдобар пристап. Сите јавни коментари треба внимателно да се разгледаат при финализацијата на ЛЕАПите.

Во фазата на спроведување, треба да се подготвуваат и да бидат јавно достапни годишни извештаи за напредокот и ажурирањето на ЛЕАПот.

Целата документација треба да биде на интернет страницата на општината, и треба да се овозможи одговор од јавноста преку е-маил.

## 2.3 Координатор за ЛЕАП

Првиот чекор на општината при изработката на ЛЕАП е избор на Координатор за ЛЕАП од страна на Градоначалникот. Избраниот Координатор мора да биде искусно лице од општината во областа на животната средина и треба да се очекува да ги врши функциите на Координатор за ЛЕАП за најмалку пет години, а по можност не повеќе од десет години.

Координаторот за ЛЕАП е клучна личност во процесот зашто:

- е претставник на Градоначалникот во процесот;
- е лице за контакт со јавноста и МЖСПП;
- соработува со колегите од ЕЛС за да се поттикнат активностите за предложените активности за ЛЕАП;
- ги води јавните активности и овозможува одржување на потребни состаноци и прегледи;
- гарантира дека објавените информации се релевантни и ажурирани;

Координаторот треба да има соодветен статус во општината, за да се обезбеди соодветен одговор од страна на неговите/нејзините колеги во врска со информациите за животната средина.

Иако законски Градоначалникот е одговорен, тој/таа треба да биде во можност да се потпре на Координаторот за ЛЕАП за вршење на активностите на компетентен начин.

Исто како и Координатор, треба да биде именуван и Заменик - Координатор.

## 2.4 Општа рамка

Подготовката и спроведувањето на ЛЕАП на општинско ниво е законска обврска која произлегува од Законот за животна средина („Службен весник на РМ" бр. 53/2005, 24/07, 159/08, 83/09 и измените и дополнувањата 124/10, 51/11, 123/12), член 60, од страна на Советите на општините, на Градот Скопје и на општините во Градот Скопје, врз основа на оцена на нивните специфични услови и потреби, во согласност со Националниот акциски план за животната средина.

Процесот на подготовка на Локален еколошки акциски план има значајна улога во воспоставувањето на принципите за одржлив развој на локално ниво и во создавањето на основа за правилно функционирање на локалната демократија, за

создавање на економија која ќе ја интегрира вредноста на водата, воздухот, почвата, биолошката разновидност, природните вредности и реткости, со цел да се подобри животниот стандард за граѓаните и одржливо да се користат ресурсите во општината. Составен дел на процесот за изработка на ЛЕАП е транспарентноста; активното учество на јавноста при одредувањето на состојбата на животната средина и приоретизација на клучните предизвици кои треба да се решат.

ЛЕАП треба да содржи доволно информации кои се однесуваат на општината, за да се обезбеди основа за предлозите. Меѓутоа, анализата на секој аспект на управувањето на општината не треба да биде многу детална. ЛЕАП може да обезбеди влезни информации во Генералниот урбанистички план на општината (ГУП), но ГУП не е дел од ЛЕАП. За да се обезбеди интегрирано планирање и двата плана треба да бидат поврзани и заемно да се поддржуваат. При меѓусебен судир, ГУПот треба да се смета за правно супериорен.

### 2.4.1 Упатството на РЕЦ

Регионалниот центар за животната средина – РЕЦ дава пет цели во врска со ЛЕАП, како што споменавме порано:

(1) Развој на визија на заедницата,

(2) Оцена на прашањата за животната средина,

(3) Одредување приоритети,

(4) Идентификација на најзначајните стратегии, и

(5) Спроведување на активностите.

Се смета дека ова е добар формат за ЛЕАП.

### 2.4.2 Методологијата од 2007 година

Постојат многу добри постапки во Методологијата од 2007 година, кои се задржани во овие Упатства. Краток преглед од нејзините одредби е вклучен во Анекс 5 од ова Упатство. Главната разлика е поедноставување на концептот и поголем акцент на подигањето на јавната свест.

Методологија од 2007 година укажува на тоа дека цели на ЛЕАП се:

- Оцена на тековната состојба на животната средина на локално ниво;
- Дефинирање, оцена и претставување на прашањата од животната средина, врз основа на ризиците по здравјето на луѓето, екосистемите и општиот квалитет на животот;
- Развој на стратешки активности за намалување на ризиците по животната средина,
- Зголемување на јавната свест и одговорноста за заштита на животната средина,
- Зголемување на јавната поддршка за инвестиции наменети за заштита на животната средина од страна на општината;

Тие остануваат како цели и на сегашните упатства.

Ова упатство го поддржува предлогот во методологијата од 2007 година, дека треба да се очекува изработката на ЛЕАП да трае практично една цела година.

## 2.5 Изработка на ЛЕАП

Првиот чекор треба да го направи Градоначалникот, кога му предлага на Советот општината да подготви ЛЕАП -како што бара Законот за животна средина.

По официјалниот договор од Советот за да се продолжи, Градоначалникот треба да назначи Координатор и Заменик Координатор и исто така треба да предложи листа од 10 до 15 члена за Локалниот Управен Комитет; чинители од различни групи на интерес, јавни претпријатија, подрачни единици на министерствата, образовни институции, невладини организации, стручни организации и бизнис -секторот. Најмалку половина од членовите на Управната група треба да се нови членови, наместо да се истите луѓе во многу ЛЕАПи.

Градоначалникот треба да побара одобрување на Координаторот и локалната управна група од општинскиот Совет и активноста за подготовка на ЛЕАП може да започне.

За време на првиот состанок на локалната управна група треба да се договори „Статут" за тоа како ќе функционира организацијата.

Управната група треба да избере теми кои ќе бидат опфатени во ЛЕАП. За малите општини веројатно треба да има максимум 5 тематски области за животната средина, со повеќе теми вклучени во поголемите општини; за руралните општини темите ќе вклучуваат: водоснабдување, отпадни води и отпад, плус други кои ќе бидат избрани од страна на секоја поединечна ЕЛС. Изборот треба да се однесува на приоритетните проблеми во општината. Општините може да сакаат да користат DPSIR и/или SWOT анализата, за да им помогне во приоритизација на темите, целите, мерките и активностите. Овие техники се дадени во Анекс 4.

И покрај тоа што не е предвидено во претходната генерација на ЛЕАП, треба да има посебна работна група за „Подигање на јавната свест".

Треба да бидат утврдени работни групи од 3 или 4 експерти за секоја тематска област, за изработка на ЛЕАП. Членовите на работната група ќе бидат претставници од:

- Сектори во општината; Одделение за комунални дејности, Одделение за инфраструктура, транспорт и заштита на животната средина, Одделение за инспекциски надзор, Одделение за просторно и урбанистичко планирање, Одделение за локален економски развој, итн.;
- Бизнис заедницата, земјоделскиот сектор, Јавни Претпријатија, Министерството за животна средина и просторно планирање, итн.;
- И за Градот Скопје – Сектор за природа / Сектор за воздух / Сектор за води / Сектор за отпад, итн.

Првите четири чекори наведени во упатството на РЕЦ се однесуваат на активностите за подготовката на ЛЕАП како што следува;

### 2.5.1 Развој на визија на заедницата

Уште еден концепт кој треба да се користи во ЛЕАП е терминот „ВИЗИЈА".

Во Техничкиот извештај 10 беа дискутирани концептот „визија" и „план".

Упатството на РЕЦ ги вклучува следните совети;

*„Визија без план е само сон.*

*План без визија е само неблагодарна работа.*

*Но, визија со план може да го промени светот.*"

Важно е да се направи разлика помеѓу концептите на „визија" и „план". „Визија" може да биде да стане „зелена општината". Ова може да вклучува многу еколошки приоритети како што се зелено однесување на работа во просториите на општината, со „активности" во врска со прашања како што се употреба на хартија, двострано печатење, користење на електрична енергија, енергетска ефикасност, избегнување на горење на дрва, итн. Исто така, може да вклучи и други општински активности; пр. одржливо уредување како собирање и складирање на дождовница која ќе се користи за растенијата; семафори кои ќе работат на соларна енергија и/или друго јавно осветлување, секвенционирање на семафорите да се намали потребата за запирање.

„Планот", кој се состои од приоритети и активности, е добро дефинирана низа на чекори за да се постигне „визијата". Главниот фокус на ЛЕАПот треба да бидат практични чекори на „планот" за да се постигне „визијата".

ЛЕАП е релативно краткорочен план - максимум за десет години, додека визијата може да биде за многу подолг временски период. Визијата може да биде: „сите куќи во општината да се поврзани со систем за отпадни води", но планот ќе содржи детали на годишна основа, за поставување на различни чекори за да се постигне таа визија. Визија би можело да биде и добро регулирано корито, со мерки за заштита од поплави, но планот ќе даде листа на голем број конкретни активности за остварување на визијата. Визијата може да биде на многу долг рок, но акциите/активностите ќе бидат за најмногу десет години.

Визијата треба првично да ја дефинира управната група, а потоа да ја променат и елаборираат експертските групи, па потоа да ја усвои управната група.

Во претходната генерација на ЛЕАПи се користи терминот „Цел" наместо „Визија", па за поедноставување веројатно е добро да се продолжи со користење на тој збор, но да се препознае дека се работи за долгорочен процес и дека веројатно нема да биде постигнат во временската рамка на ЛЕАП.

### 2.5.2 Оцена на еколошките проблеми

Имајќи ги предвид разликите во големината и надлежностите на општините, се смета дека треба да има разлики во опсегот на барањата за ЛЕАП.

| Ознака | Население | Број на ЕЛС во категоријата |
|---|---|---|
| Мали | <10000 | 30 (со најмалите од околу 3000) |
| Средни | >10000 - <50000 | 35 (вклучувајќи и 5 во Град Скопје) |
| Големи | >50000 | 15 (вклучувајќи и 5 во Град Скопје) |
| | | 1 - Град Скопје |

Град Скопје и 10те големи општини надвор од градот, треба да имаат сеопфатен ЛЕАП насочен кон повеќето еколошки теми.

Општините кои го сочинуваат градот Скопје имаат ограничени одговорности за води, отпадни води и отпад, па нивните ЛЕАПи треба да се фокусираат на други еколошки

проблеми. Меѓутоа, во сите ЛЕАПи пристапот треба да биде во рамките на нивните надлежности, вклучување на јавноста, практичност, вредност и фокусираност.

Оцената на состојбата на животната средина треба да вклучи:

- Основа за мерење на ефикасноста на спроведувањето на активностите и мерките предложени во ЛЕАП, со цел подобрување на моменталната состојба на одбраните медиуми на животната средина;
- Информации за антропогеното влијание/притисок врз животната средина и негативните влијанија врз човековото здравје и материјалните средства;
- Детална анализа на главните еколошки прашања, проблеми и предизвици на локално ниво.

„Надлежните субјекти за спроведување на планот", како што се бара согласно член 64 од Законот за животна средина, е важно прашање, но не е еколошка тема за ЛЕАП. Организациските аспекти, кои се однесуваат на органите на Координаторот и технички телаитн. ќе бидат опфатени во ЛЕАП како организациско прашање, наместо еколошките теми.

„Урбанизам и просторно планирање" треба да се смета за посебна „самостојна" функција на општината и треба генерално да се исклучи, освен ако општината смета дека е од клучно значење за нивниот ЛЕАП.

#### 2.5.2.1 Формат на ЛЕАП за мали рурални општини

Како што е наведено погоре, постојат 30 мали рурални ЕЛС и 30 средни (надвор од градот Скопје). Овие 60 општини, генерално, имаат мал број на вработени за животната средина, а многу надлежности за животната средина. Со цел да ги направат своите ЛЕАПи практични и значајни, тие не мора да ги опфатат сите теми од ЗЖС. Содржината на ЛЕАП треба да е минималистичка за ЛЕАП за малите и средните рурални општини, со дополнителна опција да се вклучат теми кои сметаат дека би биле потребни или корисни за општината.

За овие општини, списокот на задолжителни теми е следниов:

- Подигање на јавната свест во врска со животната средина,
- Вода за пиење,
- Отпадни води,
- Отпад,

Изборни теми може да бидат следниве:

- Воздух;
- Бучава;
- Енергетско подобрување;
- Ефекти на екотуризмот врз животната средина;
- Биолошка разновидност;
- Природни ресурси;
- Почви, земјиште и предели;
- Влијание на економскиот развој врз животната средина.

„Влијанието на сообраќајот и транспортот врз животната средина" се чувствува само во ограничен број места и, генерално, ќе биде исклучено, освен ако општината смета дека е од суштинско значење за нивниот ЛЕАП.

#### 2.5.2.2 Општините во Град Скопје

Со оглед на тоа дека општините кои го сочинуваат градот Скопје имаат ограничени одговорности за води, отпадни води и отпад (како што е дефинирано во Законот за Град Скопје[2]), нивните ЛЕАПи треба да се фокусираат на други теми, вклучувајќи:

- Подигање на јавната свест во врска со животната средина,
- Заштита на животната средина и природата (како што е споменато во рамките на втората обврска од членот 15 од Законот за Градот Скопје),
- Комунални активности (активности за животната средина споменати во четвртата одговорност од членот 15 од Законот за Градот Скопје);
- Други теми за животната средина од член 64 од ЗЖС, како што смета соодветно секоја одделна ЕЛС.

Изборни теми може да бидат како што следниве:

- Воздух;
- Бучава;
- Енергетско подобрување;
- Ефекти на екотуризмот врз животната средина;
- Биолошка разновидност;
- Природни ресурси;
- Почви, земјиште и предели;
- Влијание на економскиот развој врз животната средина;
- Влијанија на сообраќајот и транспортот врз животната средина.

За да се обезбеди основа за животната средина во нивните ЛЕАПи и за целите за информирање на јавноста, ќе биде потребно во ЛЕАП да се опише состојбата со животната средина за општините во Градот Скопје во однос на снабдувањето со вода, отпадните води и отпадот, но со јасно укажување дека одговорноста за подобрување зависи од Градот Скопје. Сите споменати позитивни предлози треба да имаат претходно добиена согласност од Градот Скопје и треба да бидат ставени во посебна табела на активности под надлежност на општината.

#### 2.5.2.3 Град Скопје и 10-те големи рурални општини

Овие општини треба да изготват сеопфатни ЛЕАП, разработувајќи теми за животната средина од Законот за животна средина, а кои се релевантни за нивната општина.

Задолжителните теми се:

- Подигнување на јавната свест во врска со животната средина,
- Вода за пиење,
- Отпадни води,
- Отпад;
- Воздух;
- Бучава;

Изборни теми може да бидат следниве:

- Енергетско подобрување;
- Ефекти на екотуризмот врз животната средина,
- Биолошка разновидност;
- Природни ресурси;

---

[2] *„Службен весник на РМ" бр. 55/2004 и 158/2011*

- Почви, земјиште и предели;
- Влијание на економскиот развој врз животната средина;
- Влијанија на сообраќајот и транспортот врз животната средина.

### 2.5.3 Работни групи

Работните групи ќе ги анализираат проблемите и ќе ги развиваат целите, мерките и сродните краткорочни активности кои треба да може да се постигнат во текот на очекуваниот рок на ЛЕАП.

Како појдовна точка за работните групи, за да се избегне повторување на претходните грешки, за нив би било корисно да ги разгледаат списите од подготовката и спроведувањето на претходниот ЛЕАП.

### 2.5.4 Поставување приоритети

Двата важни концепта во врска со ЛЕАП се: (1) подобрување на животната средина и (2) учество на јавноста. Активностите можат да бидат водени од страна на ЕЛС, но вистинското вклучување на јавноста мора да биде приоритет.

Во претходната генерација на ЛЕАП, општините подготвуваа прашалници за специфични прашања за животната средина и бараа од граѓаните да ги одговорат. Потоа експертската група на општината ги разгледуваше одговорите и поставуваше свои приоритети. Ваквата постапка може да личи како општината да прашува за јавното мислење, а потоа не го почитува.

Се смета дека подобар начин е управната група да ги подготви првичните нацрт теми, проблеми, цели, мерки и активности, а потоа да ѝ се прикаже нацртот на јавноста и да се бараат коментари од граѓаните.

Давањето приоритет на прашањата за животната средина, идентификувани од страна на работните групи, на крајот ќе го направи Управниот Комитет.

Постапката за приоритизација ќе вклучи оцена со следниве наслови:

- ***Влијание врз здравјето на луѓето*** - Дали проблемите/предизвиците на животната средина претставуваат потенцијален ризик за здравјето на луѓето? (Респираторни проблеми, главоболка, болест и сл.)
- ***Влијание врз животната средина -*** Дали еколошките проблеми/предизвици влијаат на квалитетот на животот, предизвикуваат намалување на економската состојба на населението, го нарушуваат пределот итн.?
- ***Широко распространет -*** Колку далеку ќе се рашири проблемот во животната средина? На пример, ако проблемот влијае на здравјето на луѓето, колку луѓе или колкав процент од населението ќе биде изложен на влијанието на проблемот во животната средина. Дали проблемот влијае на целата територија на општината или само на еден специфичен дел? Дали проблемот влијае на целокупниот екосистем или само на одредени делови?
- ***Интензитет -*** Колку сериозно е влијанието на прашањето за животната средина? Со кој интензитет се погодени луѓето и екосистемите?
- ***Неповратност -*** По елиминацијата на еколошкиот проблем/предизвик колку време е потребно за целосно неутрализирање на влијанието.

- ***Јавно мислење***- Какво е мислењето на мнозинството граѓани во однос на различни прашања (преку коментари на јавноста, односи со јавноста, комуникација со граѓаните итн.).
- ***Ниво на контрола на општината за решавање на проблемот-*** Дали, и до кој степен може општината да поправи одреден еколошки проблем/предизвик? Дали проблемот е од национален интерес, или може да се реши на локално ниво?
- ***Плански, правни и регулаторни барања -*** *Дали* решавањето на проблемот е веќе планирано со друг плански документ? Дали постои законска регулатива која го спречува решавањето на овој проблем?
- ***Мислење од членовите на Локалниот Управен Комитет -*** Какво е мислењето на мнозинството членови на Локалниот Управен Комитет за секој специфичен проблем? Дали тие сметаат дека овој проблем треба да биде приоритетен?

Образецот за приоритизација е прикажан подолу:

Табела 1 Пример на работен лист за приоритизација на еколошките проблеми/предизвици во општината

| | ***Критериуми за приоритизација на прашањата за животната средина*** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Клучни прашања за животната средина*** | **Потенцијален ризик по здравјето на луѓето** | **Потенцијалниот ризик за животната средина** | **Влијание врз квалитетот на животот на луѓето** | **Распределеност** | **Интензитет** | **Неповратност** | **Јавно мислење** | **Контрола од страна на општината** | **Плански, правни, регулаторни и други барања** | ***Мислење од членовите на локалниот Управен комитет*** | ***Вкупно (просек)*** |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |

Наједноставното вреднување се движи од 0 кога нема влијание до 5 за големо влијание.

Вреднувањето може да се направи тимски, поединечно и збирно.

Поставувањето приоритети на Управниот Комитет треба да биде вклучено во првиот прикажан нацрт, во горенаведениот формат или како ранг-листа. Во завршниот ЛЕАП оваа табела со приоритети треба да биде приложена во Анекс.

### 2.5.5 Определување на најсоодветните стратегии

#### 2.5.5.1 Подготовка

Стратегијата треба да објасни „како да одиме од таму каде што сме до таму каде што сакаме да бидеме". Таа треба да предложи активности кои се под надлежност на општината и кои може да се управуваат во контекст на буџетот на општината и одобрените фондови. Некои од предлозите, во врска со основните теми, се вклучени во Анекс 3.

Постапката треба да биде таква што по изборот на теми од управната група, работните групи ќе ги испитаат најважните проблеми/предизвици за темите; и за секој проблем ќе подготват: Цели, Мерки и Активности за подобрување на состојбата во рамките на секоја од темите. Секоја тема ќе има определен број на цели; секоја задача ќе има определен број на мерки и секоја од мерките ќе има определен број на активности.

Треба да биде можно активностите практично да се постигнат; точките како што се обезбедување на голем инфраструктурен проект кој чини повеќе од годишниот буџет на општината, треба да бидат исклучени од главната табела, но можат да се вклучат во табелата насловена „Активности надвор од надлежноста или буџетот на општината".

Анекс 3 содржи предлози за Мерки и Активности кои се однесуваат на главните теми.

#### 2.5.5.2 Цели

Принципи кои треба да се исполнат во дефинирањето на Целите:

- Сите Цели треба да бидат реални и практични;
- Целите треба да ги дефинираат стратешките насоки за долгорочно решавање на прашањата за животната средина во локалната заедница или во целата општина;
- Целите треба да обезбедат можност да се постигне консензус меѓу членовите на заедницата за предодредениот временски период;
- Дефинирањето на целите започнува со преглед на приоритетите на животната средина;
- Целите треба да ги дефинираат прашањата за животната средина на позитивен начин.

#### 2.5.5.3 Мерки

Принципи кои треба да се исполнат при дефинирањето на Мерките:

- Мерките се мерливи и треба да можат да се реализираат во одреден временски период;
- Мерките се користат во процесот на евалуација и мерење на напредокот во спроведувањето на Акцискиот план;

- Мерките подразбираат многу конкретни активности (што може да резултира со различни реакции за дефинирање на мерки, во локалната заедница), па тие често резултираат со преговори меѓу членовите на заедницата.

### 2.5.5.4 Активности

Предложените Активности треба да се оценуваат врз основа на следниве критериуми:

- *Ефикасност во однос на трошоците;*
- *Техничка способност;*
- *Ефикасност;*
- *Време за спроведување;*
- *Флексибилност;*
- *Прифатливост.*

Повторно оцената 0 е за ниска вредност до 5 за висока вредност за секој од критериумите што може да се користи за да обезбеди објективен избор на распоред на Активности.

| Активности | Критериуми за избор на активности | | | | | | Вкупно (просек) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ефикасност во однос на трошоците | Техничка способност | Ефикасност | Време за спроведување | Флексибилност | Прифатливост | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

Оваа табела треба да се вклучи во нацртот што ќе се прикаже пред јавноста, во фазата на подготовка, но, во финалниот документ треба да биде поместена во Анекс.

### 2.5.5.5 Акциски план

Работните групи треба да подготват Нацрт-акциски план во кој треба да се вклучат:

- Цели;
- Мерки;
- Активности;
- Одговорна институција;
- Време за спроведување;
- Предвиден буџет и

- Можни извори на финансирање.

Образецот за делот од Акцискиот план, во документот за ЛЕАП, е прикажан подолу. Во ЛЕАП тој треба да биде во пејзаж формат на А4 страници. Секоја од четирите колони на десно треба да биде пополнета за секоја од бараните активности. Главната примена на овој Акциски план е да служи како упатство за вработените во општината за извршување на Активностите.

(пр. Проблемот/предизвикот на животната средина кој треба да се реши е:

Потребно е организирано собирање на отпадот за локалното население во руралните области во општината).

| Цели | Мерки | Активности | Одговорна институција | Време за спроведување | Предвиден буџет (евра) | Можни извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Управување со комунален и други текови на неопасен отпад | Развој на План за управување со отпад во општината | Процена на количествата на комунален отпад во секое населено место | Општина | 2016-2017 | 10000 | Сопствени средства, странски донации |
| | | Анализа на составот на отпадот | | | | |
| | | Процена на потребните технички ресурси | | | | |
| | | Процена на потребните финансиски средства | | | | |
| | | Донесување на законските акти за регулирање на селекција, собирање и транспортирање на комунален и други извори на неопасен отпад | | | | |

Овој нацрт акциски план треба да го разгледаат Работните групи следејќи ги коментарите од Управната група.

Основната употреба на Планот за мониторинг е да му овозможи на Советот на општината и раководството во ЕЛС да го разбере напредокот во спроведувањето на ЛЕАП. Првиот нацрт на деловите од Планот за мониторинг треба да го подготват работните групи, по консултација со вработените кои ќе ги вршат активностите.

Конечниот План за мониторинг ќе го подготви Управната група, имајќи ги предвид предлозите од Работните групи.

Подготовката на „Планот за мониторинг и евалуација на спроведувањето на ЛЕАП" треба да ги содржи следниве чекори:

**1. Анализа на Целите, Мерките и Активностите во Акцискиот план** – очигледно, трите нивоа треба да се поврзани; реализирањето на Активностите треба јасно да доведе до спроведување на Мерките и постигнувањето на Мерките треба јасно да доведе до успешно исполнување на Целта.

**2. Одредување на индикатори-** Активностите ќе бидат утврдени во лесно разбирлив формат и многу често ќе бидат временски ограничени. Ако се предвидени привремени Активности во текот на определен временски период на ЛЕАП, тие треба да бидат детално опишани во планот. Остварувањето на „очекуваните резултати" е индикатор за успех.

**3. Дефинирање на протокот на информации** - Кои информации треба да се евидентираат? Како ќе бидат евидентирани? Како ќе се информира Координаторот? Каков ќе биде работниот однос помеѓу Координаторот и персоналот кој е одговорен за вршење на активностите од ЛЕАП?

**4. Дефинирање на одговорностите**- спроведувањето и мониторингот на ЛЕАП ќе биде успешно само ако е поддржано од луѓето вработени во организацијата. Потребно е да се дефинираат обврските за спроведување на Активностите и за спроведување на мониторингот и известувањето.

Членот на администрацијата од ЕЛС, одговорен за Активноста, треба да биде информиран од страна на Градоначалникот или Координаторот за неговата/нејзината одговорност за извршување на Активноста. Неговиот/нејзиниот директен претпоставен, исто така треба да биде информиран.

Од практични причини, водењето на функцијата на мониторинг треба да му биде назначено на Координаторот од страна на Градоначалникот. Кога некоја Активност е завршена, или е постигнат значаен напредок, лицето одговорно за Активноста треба да поднесе извештај за напредокот до Координаторот. Двапати годишно Координаторот треба да му се јави на лицето одговорно за Активноста, за да го мониторира и да го поттикне прогресот. Еднаш годишно, Координаторот треба да собере информации за различни активности во ЛЕАП и да подготви нацрт годишен извештај. Нацрт-текстот ќе биде доставен за разгледување и одобрување до Управниот комитет и Градоначалникот, пред истиот да биде објавен во јавноста.

Градоначалникот и Координаторот треба да обезбедат соодветен публицитет за годишниот извештај.

Планот за мониторинг на спроведувањето на ЛЕАП треба да содржи: цели, мерки, активности, очекувани резултати, индикатори, фреквенција на мониторинг на индикаторите, одговорно лице, како што е наведено во табелата подолу. Првите три: цели, мерки, активности, исто така, се наведени во Акцискиот план погоре.

Табела 2 План за мониторинг на спроведувањето на документот ЛЕАП

| Цели | Мерки | Активности | Очекувани резултати | Индикатори | Фреквенција на мониторинг | Одговорна институција |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Зголемување на квалитетот | Реконструирани објекти за | Изработка на Физибилити студија за | | Број на населени места опфатени со | Еднаш годишно | Г-дин Станко Петковски |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| на водата за пиење | водоснабдување<br>Воспоставен систем за управување со објектите за водоснабдување во општината<br><br>Подигање на свеста за рационално користење на водата | реконструкција на застарена водоводна мрежа во општината<br><br>Реконструкција на водоводна мрежа<br><br>Донесување на одлука за пренесување на објектите за водоснабдување во руралните области под надлежност на ЈКП<br>Воведување на економски стимуланси за рационално користење на водата<br><br>Кампања за подигање на свеста за рационално користење на водата | Подготвена Физибилити студија<br><br>Реконструирана водоводна мрежа во сите населени места<br><br>Подобрување на квалитетот на водата за пиење во сите населени места<br><br>Реализација на кампања за подигање на свеста за рационално користење на водата | студијата и главните приоритети<br><br>Број на километри реконструиран водовод<br><br>Број на населени места опфатени со одлуката за трансфер на објектите за водоснабдување<br><br>Големината на целната група<br><br>Број на испечатени и дистрибуирани промотивни материјали<br>Број на одржани радио и ТВ емисии<br>Број на средби со граѓаните | Два пати годишно<br><br>Два пати годишно<br><br>Еднаш годишно | Г-дин Станко Петковски<br><br>ЈКП<br><br>ЈКП |

### 2.5.6 Мерки за публицитет

Мерките за публицитет се важни во однос на подигањето на јавната свест во текот на процесот.

Во однос на учеството на јавноста, работната група за подигање на јавната свест треба да ги земе предвид следниве постапки, во рана фаза на развој на ЛЕАП:

- Дефинирање на целите за учество на јавноста (определување на главните цели);
- Определување на целните групи од јавноста (дефиниција на локалната заедница која треба да биде вклучена во развој и спроведување на ЛЕАП);
- Објавување на ЛЕАП и општи информации за животната средина на огласни табли и подготовка на брошури (за да се ѝ се пренесе пораката на јавноста);
- Определување, евалуација и избор на методи за учество на јавноста (Кој е најдобриот начин да се пристапи кон јавноста, со цел да се информира за активностите поврзани со подготовката на ЛЕАП)
- Определување на потребите од ресурси (Дали постои вмешаност на новинари, весници, студенти, ТВ и радио медиуми за информирање на јавноста, кои финансиски или материјални средства се достапни?)
- Развој на План за работа (Планот за работа треба да содржи: назначување на портпарол, правење на листа на достапни локални медиуми со нивните контакт информации, средба со уредници на медиумите и новинарите, огласни табли и веб-страници, обезбедување флаери и информации за ЛЕАП, јавни објави и соопштение за печат, итн.)

Во однос на методите за учество на јавноста, се смета дека на граѓаните треба да им биде претставен нацртот на „цели, мерки и активности", а не прашалник како во претходните ЛЕАП.

За општиот публицитет примарниот метод треба да биде преку веб-страницата на општината. Тоа е евтин и ефикасен метод. На неа треба да има e-mail адреса за контакт и за коментари. Копии на нацртот може да се достават во јавните библиотеки, со можност за реакција.

Слично на тоа како кога ЛЕАП е завршен и усвоен, треба да биде изложен на веб-страницата на општината.

За годишните прегледи и ажурирања треба да се организира сличен публицитет, за поттикнување на вклучување на јавноста.

Еднодневно јавно прикажување од 10:00-22:00 може да биде корисна можност за јавноста да добие објаснувања од стручните лица, врз основа на тет-а-тет средби, во текот на фазата на изработка на ЛЕАП.

Исто така, рекламите во весници може да бидат корисни за да се подигне профилот на општината и да се подигне јавниот интерес за животната средина.

Се смета дека мерките за подигање на јавната свест, претставени во Методологијата за 2007 година, се сè уште релевантни;

- Едукативни ТВ и радио емисии;
- Прес конференции;
- Организација на еко настани;
- Организирање на едукативни предавања;
- Отворена комуникација со целните групи;
- Организирање на тркалезни маси, средби со граѓани, јавни расправи, итн;

- Статии во пишаните медиуми (национални или локални/дневни или периодични);
- Соопштенија за јавноста;
- Печатење и дистрибуција на постери, флаери и брошури итн.

### 2.5.7 Образец за ЛЕАП

Предложениот изглед на планот овде е дизајниран на начин што ќе го олесни спроведувањето наместо за да биде како пример за подготовка. Голем дел од активностите во текот на фазата на подготовка се подобро образложени во Анексите.

| Дел | Содржина | Очекуван обем |
|---|---|---|
| Прелиминарен | Вовед од Градоначалникот | 1 страница |
| | Табела со содржина | 1 страница |
| | Општ вовед во извештајот на ЛЕАП. | 1-2 страници |
| Позадина | Профил на општината. | 5 - 10 страници |
| | Опис на состојбата на животната средина во општината. | 5 – 20 страници |
| Активности | Распоред на приоритетни активности, утврдени во секоја тема, цел и мерка | 5 - 20 страници |
| | Активности што се во надлежност на различни надлежни органи или кои се надвор од буџетот на општината, но за кои ЕЛС има интерес | 1 - 5 страници |
| Спроведување | Предложени механизми за следење на напредокот, вклучувајќи индикатори. | 1 - 5 страници |
| | Механизми за известување. | |
| | Предложени активности за подигнување на јавната свест. | 1 – 2 страници |
| Анекс 1 | Листа на членови на управната група | 1 страница |
| Анекс 2 | Листа на Работната група на експерти, Координатор и Заменик кКординатор. | 1 – 2 страници |
| Анекс 3 | Еколошки проблеми што се разгледани.<br>Механизми за приоритизација што се користат.<br>Работен лист за приоритизација на предизвиците/проблемите на животната средина | 5 – 20 страници |
| Анекс 4 | SWOT анализа (ако е направена). | 1 – 4 страници |
| Анекс 5 | DPSIR анализа (ако е направена). | 1 – 5 страници |
| Анекс 6 | Работен лист за избраните приоритетни еколошки предизвици, цели и мерки. | 1 страница |
| Анекс 7 | Работен лист за критериумите за избор на активности. | 1 страница |
| Анекс 8 | Листата на „Надлежни субјекти за спроведување на планот". | 1 страница |
| Анекс 9 | Листа на граѓани потпишани на листата за присуство на состаноци/презентации. | 1 – 2 страници |
| Анекс 10 | Листа на граѓани кои доставиле писмени забелешки. | 1 страница |

| | | |
|---|---|---|
| Анекс 11 | Записник од состаноците на работната група и/или Управната група каде се земени предвид коментарите на јавноста | 1 – 3 страници |
| Анекс 12 | Краток преглед на промените направени во првиот нацрт по консултациите со јавноста. | 1 – 2 страници |
| Анекс 13 | Листа на кратенки и акроними. | 1 страница |

Нацрт-текстот на крајниот ЛЕАП треба да се достави за разгледување до Советот на општината. По разгледувањето, со сите евентуални измени, ЛЕАП треба да биде достапен за јавноста најмалку 30 дена, за давање јавно мислење и коментари.

Конечната верзија на ЛЕАП треба да ја усвои Советот на општината.

## 2.6 Спроведување на ЛЕАП

Спроведувањето е последниот чекор од рамката на РЕЦ.
Најголем дел од активностите кои се предложени во ЛЕАП ќе бидат одговорност на различни сектори на ЕЛС. Овие сектори на ЕЛС ќе продолжат со нивната нормална активност и ќе ги сметаат нивните активности за ЛЕАП како можност за подобрување на животната средина и задоволување на јавноста.
Фазата на мониторинг на спроведувањето, главно, ќе вклучува надгледување од страна на Координаторот и Заменик Координаторот, со помош на одговорните лица од релевантните сектори и други институции.
Координаторот (или Заменик Координаторот ) ќе:

- Ја мониторира фазата на спроведување на ЛЕАП во согласност со Планот за мониторинг;
- Одржува врски со колегите од единиците на локалната самоуправа кои се одговорни за спроведување на релевантните активности за поттикнување и мониторинг на активноста;
- Го известува Градоначалникот, во согласност со протокол утврден во општината;
- Ја ажурира редовно интернет страницата на општината во однос на ЛЕАП;
- Ја координира комуникацијата со другите институции заинтересирани за спроведувањето на ЛЕАП.

Годишното ревидирање на ЛЕАП од страна на единиците на локалната самоуправа ќе му овозможи на Координаторот да подготви извештај за напредокот и да ги ажурира плановите. Овој преглед и ажурирање треба да бидат синхронизирани со времето кога се разгледува буџетот, така што ќе може да се обезбедат средства од буџетот на ЕЛС за финансирање на приоритетните активности.

### 2.6.1 Известување за ЛЕАП

Координаторот ќе изготвува годишни извештаи за напредокот на ЛЕАП. Во овие извештаи ќе се коментира секоја предложена активност во ЛЕАП, за да се илустрира напредокот.

По договор со Советот на ЕЛС, овие извештаи ќе бидат поставени на интернет страницата на општината за да се информира јавноста за поврзаните активности и да се поттикне нивниот интерес за животната средина.

Градоначалникот ќе поднесува извештај за напредокот до МЖСПП на годишно ниво.

Градоначалникот и Координаторот треба активно да бараат начини за публицитет на активностите за животната средина на ЕЛС и за подобрувањата во општината.

# АНЕКС 1 - ЗАКОНОДАВСТВО И ДРУГИ УПАТСТВА

Основното законодавство во однос на ЛЕАП е содржано во Законот за животна средина.

## 1. Закон за животна средина

Општите законски обврски во однос на ЛЕАП, регулирани со членот 64 се дадени подолу.

Во ТИ 5 во врска со Законот за животна средина Консултантот наведува;

> *ЛЕАПите кои ги видовме опфаќаат многу од темите предвидени во член 64 од ЗЖС. Тие исто така обезбедуваат корисен преглед на општината и нејзината економија. Анализата и оцената ќе беа поедноставени ако го следеа распоредот на содржината точно како што е во член 64 од ЗЖС.*
> *Воведниот став од членот 64 од ЗЖС бара развој на „среднорочни и долгорочни мерки и активности за заштита на животната средина и здравјето на луѓето кои се од интерес и во надлежност на општината". Ние забележуваме дека изразот „во надлежност на општината" не секогаш се зема предвид при изготвувањето на ЛЕАП.*

Коментарите за Став 4.2.8 од ТИ 3 (Правна анализа) се главно во врска со членот 64 од Законот за животна средина;

> *Нема сомнеж дека ЛЕАП мора да ги опфати сите овие области. Како последица на тоа, ЛЕАП претставува комплексен документ кој бара значителен број на податоци и сознанија за подготовка и спроведување. Сепак, може да има добри причини – како и техники - ЛЕАП да се направи да биде компактен и лесен документ, кој е разбран и прифатлив и оттаму може ефективно да се спроведува. Целта на ЛЕАП мора јасно да се одреди; меѓу другото, треба да ја подигне свеста за проблемите во животната средина, да бара јавна обврска за заштита на животната средина, да биде поттик и алатка за учество и, последно, но не и најмалку важно, да предвидува збир на итни активности кои треба да се преземат на локално ниво за заштита и подобрување на животната средина. Методологијата за изработка на ЛЕАП треба да ги опише потребните постапки за ЛЕАП да стане работен и оперативен документ, да не остане само како теоретска, научна и академска вежба, туку да биде практична алатка.*

ТИ 10, во врска со иднината на ЛЕАПите коментира:

> *Условите од членот 64, кои беа во голема мера игнорирани во текот на подготовката на ЛЕАП се однесуваат на „во надлежност на општината, во согласност со постојното законодавство за животна средина". Сите ЛЕАПи вклучуваат многу активности кои се надвор од надлежностите на општината, а исто така често и надвор од нивниот буџет. Пристапот беше дека ако постоеле проблеми во животната средина, тие треба да се наведат и да се направи обид да се решат, дури и ако тоа значи дека треба само да се побара од точниот надлежен орган да дејствува. Сметаме дека предложените активности во ЛЕАПите треба да бидат практични и, по можност активности кои ќе може да се реализираат од страна на општината во рамките на нејзиниот буџет. Желбата да се вклучат аспиративни прашања е разбирлива, но сметаме дека тие не треба да бидат идентификувани како активности.*
> *Основна активност која е запоставена во текот на спроведувањето на ЛЕАПите е „подигнувањето на јавната свест и развој на едукацијата за животна средина". Сметаме дека ова треба да биде еден од основните темели на процесот на ЛЕАП и сметаме дека треба да се нагласи во секоја ревидирана методологија.*

**Краток преглед на деловите што се релевантни за ЛЕАП**
ЧЛЕН 60 ГИ ВКЛУЧУВА СЛЕДНИВЕ ДЕЛОВИ (2) ДО (5);

(2) Советот на општината, на Градот Скопје и на општините во Градот Скопје донесуваат локални еколошки акциски планови во согласност со методологијата од членот 61 став (3) од овој закон, како и врз основа на процена на нивните специфични услови и потреби, а во согласност со Националниот акциски план за животната средина.

(3) Одделни делови од локалните еколошки акциски планови можат да претставуваат соодветни стратегии или планови, доколку тие ги исполнуваат условите предвидени со посебните закони.

(4) Планските документи од ставовите (1) и (2) на овој член се донесуваат за период од шест години и тековно се обновуваат во зависност од новонастанатите услови, а задолжително се обновуваат по истекот на рокот за кои се донесени.

(5) Советот на општината, на Градот Скопје и на општините во Градот Скопје формира тело, раководено од Градоначалникот, кое ќе го следи имплементирањето на локалниот еколошки акциски план и ќе предлага промени во локалниот еколошки акциски план, а за тоа еднаш годишно го известува органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

ЧЛЕН 61 ГИ ВКЛУЧУВА СЛЕДНИТЕ ДЕЛОВИ (2) И (3);

(2) Учеството на јавноста во подготовката и донесувањето на Националниот акциски план за животната средина и на локалните еколошки акциски планови се одвива на начин и под услови определени со членот 69 од овој закон.

(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува методологија за изработка на локалните еколошки акциски планови.

ЧЛЕН 62 ГИ ВКЛУЧУВА СЛЕДНИТЕ ДЕЛОВИ (4) И (5);

(4) Локалниот акциски план за животната средина го спроведуваат Градоначалникот на општината, Градоначалникот на градот Скопје и гГадоначалниците на општините во градот Скопје, како и другите правни и физички лица определени со планот. На предлог на Градоначалникот, Советот на општината, на Градот Скопје и на општините во Градот Скопје го пропишува начинот на доставување на податоците од органите и правните и физичките лица надлежни за спроведување на планот.

(5) Врз основа на податоците доставени во согласност со одредбите на ставовите (2) и (4) од овој член, органот надлежен за донесување на планот може да одлучи планот да се измени или да се дополни.

ЧЛЕН 64 - СОДРЖИНА НА ЛОКАЛНИТЕ АКЦИСКИ ПЛАНОВИ

Локалните еколошки акциски планови, врз основа на оцената за степенот на загаденоста на животната средина во даденото подрачје, содржат среднорочни и долгорочни мерки и активности за заштита на животната средина и здравјето на луѓето, од интерес и во надлежност на општината, на Градот Скопје и општините во Градот Скопје, а особено за:

1) Заштита на воздухот од загадување и за подобрување на квалитетот на воздухот;

2) Снабдување со квалитетна вода за пиење во доволни количини;

3) Заштита на водите од загадување, пречистување на отпадните води, прогресивно намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање

на емисиите на опасни супстанции во водите и за ублажување на последиците од штетното дејство на водите и од недостигот на вода;

4) Управување со отпад;

5) Заштита од бучава и вибрации настанати како резултат на стопанските и на другите дејности и активности;

6) Урбан развој и просторно планирање;

7) Развој на локалниот јавен транспорт и сообраќајот на подрачјето;

8) Зголемување на енергетската ефикасност;

9) Развој на еко-културниот туризам и неговото влијание врз животната средина;

10) Заштита на биодиверзитетот;

11) Управување и користење на природните богатства;

12) Подигање на јавната свест и развој на образованието за заштита и унапредување на животната средина;

13) Последиците од економскиот развој врз животната средина и

14) Надлежните субјекти за спроведување на одделните елементи на планот.

## Применливост на член 64 од ЗЖС за ЛЕАП

Различните барања на член 64 од Законот за животна средина се дадени подолу, со коментари на нивната применливост.

| Барање од членот 64 од ЗЖС | Коментар за поврзаност со ЛЕАП |
|---|---|
| Оцена на нивото на загадувањето на животната средина во даденото подрачје | Од суштинско значење. |
| Среднорочни мерки и активности за заштита на животната средина и здравјето на луѓето | Од суштинско значење. |
| Долгорочни мерки и активности за заштита на животната средина и здравјето на луѓето | Долгорочните мерки не се вклопуваат во рамките на временската рамка (5 до 8 години) на еден типичен ЛЕАП. |
| Во надлежност на општината, според постојното законодавство за животна средина | Важно. Достапноста на соодветни финансиски средства треба да биде важна како и компетентноста. |
| 1 Заштита од загадување и подобрување на квалитетот на воздухот; | Важно, но може да е ирелевантно за многу мали рурални општини. |
| 2 Снабдување со квалитетна вода за пиење и заштита на водите од загадување; | Од суштинско значење. |
| 3 Третман на отпадни води; | Може да биде визија за подолг рок, но подготвителните активности ќе бидат соодветни за ЛЕАП. |
| 4 Управување со отпад; | Важно. |
| 5 Заштита од бучава и вибрации настанати како резултат на стопански и други дејности и активности; | Може да биде нерелевантно и премногу комплексно за малите општини. |

| | |
|---|---|
| 6 Урбанизам и просторно планирање; | Треба да се опфати со урбанистичкото планирање. ЛЕАП треба да се смета како подреден во однос на секој законски урбанистички план. |
| 7 Развој на локалниот јавен транспорт и сообраќајот на подрачјето; | Релевантно во некои ситуации, најчесто за поголемите ЕЛС. |
| 8 Подобрување на енергетската ефикасност; | Може да се постигнат подобри резултати ако се постапува како национална кампања. |
| 9 Развој на еко-културниот туризам и негово влијание врз животната средина; | Би можело да биде релевантно за одредени локации |
| 10 Заштита на биолошката разновидност; | Релевантно |
| 11 Управување и употреба на природни ресурси; | Релевантно |
| 12 Подигање на јавната свест и развој на едукацијата за животна средина; | Од суштинско значење. |
| 13 Влијание на економскиот развој врз животната средина; | Може да биде посоодветно ако се опфати во ОВЖС во рамките на системот за урбанистичко планирање |
| 14 Надлежни субјекти за спроведување на одделни елементи на планот. | Иако законодавството бара активностите да бидат „во надлежност на општината", министерството и многу општини сметаат дека исто така, треба да се решаваат и други еколошки приоритети. |

### Други законски прописи за животната средина за ЕЛС

Постојат неколку закони кои ги дефинираат одговорностите на ЕЛС за животната средина, меѓу кои:

- Законот за локална самоуправа
- Законот за комунални дејности
- Законот за Градот Скопје

Законот за локална самоуправа и Законот за комунални дејности ги дефинираат надлежностите на ЕЛС за животната средина. Споменатите технички надлежности се соодветни теми за ЛЕАП.

Законот за Градот Скопје доделува различни општински надлежности меѓу Градот и општините.

## 2. Закон за локална самоуправа (ЗЛС).

Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02) ги утврдува, во општи црти, надлежностите на ЕЛС.

Во член 22 се набројани надлежности на ЕЛС (во областа на животната средина),:

- 2. Заштитата на животната средина и природата - мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучавата и нејонизирачкото зрачење
- 4. Комунални дејности - меѓу другото:
    - снабдување со вода за пиење;
    - испорака на технолошка вода;
    - одведување и пречистување на отпадните води;

  - одведување и третман на атмосферските води;
  - одржување на јавна чистота;
  - собирање, транспортирање и постапување со комуналниот цврст и технолошки отпад;
  - одржување и користење на парковите, зеленилото, парк шумите и рекреативните површини;
  - регулација, одржување и користење на речните корита во урбанизираните делови;
- 9. Здравствена заштита, вклучувајќи здравствен надзор над животната средина;
- 13. Други работи определени со закон.

### 3. Закон за комунални дејности (ЗКД).

Комуналните услуги за кои ЕЛС имаат надлежности се посебно уредени во Законот за комунални дејности (Службен весник на РМ бр 95 / 12.163 / 13, 42/14 и 44/15) (ЗКД).

ЗКД опфаќа комунални услуги во областа на заштитата на животната средина, како што опишува листата на дефиниции во членот 5 од Законот. Надлежности на ЕЛС, кои се релевантни за животната средина се следниве:

- изградба на водоснабдителен систем, обработка и снабдување со вода за пиење, под што се подразбира зафаќање, обработка и дистрибуција на вода преку водоснабдителниот систем до главниот водомер на корисникот на услугата;
- изградба на водоснабдителен систем, обработка и испорака на технолошка вода, под што се подразбира зафаќање, обработка и дистрибуција на вода преку водоснабдителниот систем до главниот водомер на корисникот на услугата.
- изградба на канализационен систем, одведување и пречистување на отпадни води, под што се подразбира прифаќање на отпадни води од станбените, деловните, производните, административните и други објекти, агломератот од приклучокот на дворната мрежа преку канализациони системи, пречистување во пречистителни станици и испуштање на отпадните води во реципиентот;
- изградба на канализациона мрежа, одведување и испуштање на атмосферски води, под што се подразбира прифаќање на атмосферските води од урбани површини, одведување со канализациона мрежа и испуштање во реципиентот.
- собирање и транспортирање на комунален отпад и други видови на неопасен и инертен отпад, под што се подразбира собирање, селектирање, транспортирање и депонирање на уредени депонии.
- одржување на јавна чистота, под што се подразбира чистење (миење и метење) на јавни површини, јавни и отворени простори на јавни објекти и чистење на снегот во зимски услови;
- одржување, чистење и користење на паркови, зоолошки градини, зеленило, парк шуми и рекреативни површини, под што се подразбира изградба, одржување и користење на зелени површини, садење на ниска и висока вегетација, косење на трева, како и сечење на дрва и гранки.

- отстранување и чување на хаварисани возила, уловување на животни скитници, украсување на населените места, одржување на јавните санитарни јазли, изградба и одржување на септички јами, чување на животни и домашни миленици во населени места;
- изградба, одржување и чистење на речните корита во урбанизираните простори.

Општините ќе подготват планови за развој на комуналните дејности (3 години), а јавните комунални претпријатија (ЈКП) врз основа на подготвените планови донесуваат (годишни) програми за вршење на комунални услуги по претходна согласност од ЕЛС (член 7). Јавните претпријатија основани од Владата донесуваат годишна програма за вршење на комунални услуги по претходна согласност на Владата (член 7 став (4)).

## 4. Закон за Градот Скопје

Извршното Резиме на ТИЗ од проектот вели: „Затоа, од суштинско значење е да се осврнеме и на надлежностите на другите владини институции кои имаат значење за надлежностите на ЕЛС и да ја анализираме законската рамка за меѓусебните односи." Ова е особено случај во односот помеѓу Градот Скопје и неговите десет општини.

Тешкотии во однос на ЛЕАП и вршењето на другите функции за животната средина од страна на Градот Скопје и десетте општини кои го сочинуваат се потенцијалните преклопувања на надлежностите и одговорностите за активностите. Подолу се извадоци од законодавството во врска со некои очигледни прашања.

Овој закон е донесен во 2004 година и изменет во 2011 година („Службен весник на РМ" бр. 55/2004 и 158/2011).

Член 9 дава општ преглед;

> *Работите од локално значење што се функционално неделиви и подеднакво значајни за целото подрачје на Градот Скопје, ги вршат органите на Градот Скопје.*
>
> *Работите од локално значење што се функционално деливи по својот карактер и се од значење за општините во Градот Скопје, ги вршат органите на општините во Градот Скопје.*

Член 17 покажува флексибилност во однос на прашањата чија надлежност не е дефинирана.

> *Општините во Градот Скопје, во рамките на законот, во согласност со начелото на супсидијарност, имаат право на подрачјето на општината да ги вршат работите од јавен интерес од значење за општината, што не се исклучени од нивна надлежност, а не се во надлежност на органите на државната власт или во надлежност на органите на Градот Скопје.*

Два члена од Законот со кои се доделуваат надлежности се членовите 10 и 15; 10 за Градот Скопје и 15 за општините. (Текстот од овие два члена е претставен на следните страници.) Основните одредби од аспект на животната средина се 10.4 и 15.4.

Во врска со снабдувањето со вода; Градот Скопје е одговорен за прочистување и снабдување со вода за пиење, исклучувајќи ја одговорноста на општините во однос на водата за пиење.

Во однос на отпадните води; Градот Скопје има целосна одговорност за атмосферскиот дренажен систем и за третманот на отпадните води.

Во однос на отпадот; општините имаат дополнителна одговорност за „Организација" на неопасниот отпад; а Градот Скопје мора да обезбеди депонии. Се чини дека постои дуплирање во врска со „собирањето и транспортирањето на комуналниот и на другите видови неопасен отпад", како и да е, текстот на крајот од членот 15 појаснува дека ангажманите ќе бидат предмет на договор меѓу двете организации.

Конзистентна тема во овој проект „ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЗАКОНОДАВСТВО ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ЛОКАЛНО НИВО" е потребата за „подобрување на комуникацијата, координацијата и соработката" меѓу ЕЛС. Ова е особено важно во односите меѓу Градот Скопје и десетте поврзани општини.

Мора да постојат механизми за избегнување на дуплирање на темите и плановите меѓу овие субјекти. Одговорностите на Градот Скопје и општините треба да бидат разјаснети во различните делови од законодавството.

Општо земено, во нивните ЛЕАПи, општините треба да ги истакнат оние функции кои се нивна одговорност.

Се смета дека прашањата што се во надлежност на Градот Скопје, но во кои поврзаните општини имаат интерес, треба да бидат вклучени во посебна глава во ЛЕАП на општината. Оваа глава би била насловена „Прашања од интерес на општината кои се во надлежност на Град Скопје‟. Треба да се наведат можните активности за поттикнување ГС да реагира позитивно.

ЛЕАП на Град Скопје треба на сличен начин да има дел за прашања кои се од интерес на ГС, а кои ќе бидат имплементирани од страна на десет општини кои го сочинуваат градот.

| **Обврски на Градот Скопје (член 10 од ЗГС)** | **Одговорности на скопските општини (член 15 од ЗГС)** |
|---|---|
| 1. Планирање и уредување на просторот<br>- Донесување на просторен план на Градот Скопје;<br>- Донесување на Генерален урбанистички план на Градот Скопје;<br>- давање мислење за нацрт деталните урбанистички планови, урбанистички проекти и урбанистички планови за населените места што ги донесуваат општините во Градот Скопје;<br>- Уредување градежно земјиште;<br>- Утврдување стандарди и давање согласност за поставување на времени објекти, мебел и урбана опрема на подрачјето на Град Скопје. | 1. Планирање и уредување на просторот<br>- Покренување на иницијативи за донесување, измена и дополнување на просторниот план на Градот Скопје и генералниот урбанистички план на Градот Скопје;<br>- Давање мислења за нацрт просторниот план на Градот Скопје и генералниот урбанистички план на Град Скопје<br>- Донесување детални урбанистички планови, урбанистички проекти и урбанистички планови за населените места во општината;<br>- Спроведување на урбанистичките планови и проекти и издавање документација за изградба на објекти од локално значење (услови за градба, урбанистичка согласност, одобренија за градба);<br>- Издавање на одобренија за поставување на времени објекти, мебел и урбана опрема;<br>- Уредување на градежното земјиште во смисла на опремување на градежното земјиште со објекти и инсталации од секундарната инфраструктура. |
| 2. Заштита на заштитата на животната средина и природата<br>- Заштита, преземање мерки и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучава и јонизирачко зрачење на подрачјето на Градот Скопје. | 2. Заштита на животната средина и природата<br>- Покренување на иницијативи и преземање мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучавата и од нејонизирачкото зрачење. |

| Обврски на Градот Скопје (член 10 од ЗГС) | Одговорности на скопските општини (член 15 од ЗГС) |
|---|---|
| 3. Локален економски развој<br>- Планирање на локалниот економски развој на Град Скопје;<br>- Утврдување развојни и структурни приоритети на ниво на Град Скопје;<br>- Водење на локална економска политика на ниво на Град Скопје;<br>- Утврдување стратегија и давање поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и претприемништвото;<br>- Развој и поттикнување алтернативен и културен туризам<br>- Подобрување на условите за престој на туристите во Градот Скопје и туристичко пропагандно информирање. | 3. Локален економски развој<br>- Планирање на локалниот економски развој на општината;<br>- Утврдување развојни и структурни приоритети на општината и<br>- Поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и претприемништвото во општината. |

| | |
|---|---|
| 4. Комунални дејности<br>-изградба, користење, заштита и одржување на магистрални и собирни улици и други инфраструктурни објекти;<br>-категоризација и именување на градски населби, улици, плоштади, мостови други инфраструктурни објекти;<br>-снабдување со вода за пиење од единствениот водоснабдителен систем на Градот Скопје;<br>-одведување и пречистување на отпадните води;<br>-одведување и испуштање на атмосферските води;<br>-обработка и испорака на технолошката вода;<br>-изградба и одржување на јавното осветлување на магистралните и собирните улици на подрачјето на Градот Скопје;<br>-собирање и транспортирање на комуналниот и друг вид на неопасен отпад ;<br>-одржување на депониите за комунален и друг вид на неопасен отпад;<br>- уредување и организирање на јавниот градски и приградски превоз на патници;<br>-одржување на јавната чистота на јавните сообраќајни површини;<br>-одржување и користење на градските паркови, парк шумите на подрачјето на Градот Скопје, водните и спортско-рекреативни зони, утврдени со генералниот урбанистички план и други заштитени подрачја во согласност со закон;<br>-одржување на зеленилото на магистралните и собирните улици;<br>-изградба, одржување и користење најавни паркиралишта од значење за Градот Скопје, утврдени со урбанистички план;<br>-поставување, замена, отстранување и одржување на сообраќајните знаци и заштитната опрема на локалните патишта и улици; утврдување услови и режим на сообраќајот на подрачјето на Градот Скопје;<br>-Одржување на гробовите, гробиштата, крематориумите и давање погребални услуги на градските гробишта, утврдени со урбанистички план;<br>-снабдување со природен гас и топлинска енергија;<br>-изградување, водење, одржување и користење на единствен географски информационен систем на Градот Скопје; | 4. Комуналните дејности<br>- Изградба, одржување, реконструкција и заштита на сервисни и станбени улици и други инфраструктурни објекти;<br>- Одржување на јавната чистота на сервисните и станбените улици;<br>- Организирање, собирање и транспортирање на комунален и друг вид на неопасен отпад;<br>- Изградба и одржување на јавното осветлување во станбени и сервисни улици на подрачјето на општината;<br>- Одржување на гробови, гробишта и давање погребални услуги на општинските гробишта утврдени со урбанистички план;<br>- Изградба, одржување и користење на јавни паркиралишта од значење за општината утврдени со урбанистички план;<br>- Одржување и користење на зеленилото на сервисните и станбените улици;<br>- Отстранување на нерегистрираните моторни и други возила од јавните површини;<br>- Одржување и користење на јавните пазари;<br>- Дезинфекција и контрола на штетници;<br>- Изградба и одржување на јавни санитарни јазли |

| | |
|---|---|
| - Регулација, одржување и користење на речните корита во урбанизираните делови;<br>- Дезинсекција на подрачјето на градот Скопје;<br>- изградба,користење и одржување на пазари на големо и пазари за продажба на моторни возила на подрачјето на градот Скопје;<br>- ерадикација на животните скитници;<br>- определување места за закоп на мртви животни и нивно одржување и<br>- украсување на градот Скопје. | |

| Обврски на Градот Скопје (член 10 од ЗГС) | Одговорности на скопските општини (член 15 од ЗГС) |
|---|---|
| 5. Култура<br>- Институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти од значење за Градот Скопје;<br>- Негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности;<br>- Организирање на културни манифестации; поттикнување на разновидни специфични форми на творештво<br>- Прослава на настани и личности од значење за Градот Скопје; | 5. Култура<br>- Институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти од значење за општината;<br>- Негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности;<br>- Организирање на културни манифестации, поттикнување на разновидни специфични форми на творештво<br>- Прослава на настани и личности од значење за општината. |
| 6. Образование<br>- Основање, финансирање и учество со свои претставници во органите на управување на јавните средни училишта во Градот Скопје, во согласност со закон;<br>- Назначување на директори на јавните средни училишта и студентските домови, во согласност со закон;<br>- Превоз, исхрана и сместување на студентите во студентските домови, во согласност со закон. | 6. Образование<br>- Основање, финансирање и учество во управувањето со основните училишта на нејзиното подрачје, во согласност со закон;<br>- Назначување на директори на основните училишта, во согласност со закон;<br>- Превоз и исхрана на ученици во училиштата од нејзина надлежност, во согласност со закон. |
| 7. Спорт<br>- Обезбедување на услови за развој на квалитетен спорт во градот;<br>- Организирање, поттикнување и помагање спортски манифестации и настани од значење за Градот Скопје;<br>- Изградба и одржување на спортски објекти од значење за Градот Скопје. | |

| **Обврски на Градот Скопје (член 10 од ЗГС)** | **Одговорности на скопските општини (член 15 од ЗГС)** |
|---|---|
| 8. Социјална и детска заштита<br>- Обезбедување на социјална грижа за инвалидни лица, деца без родители и родителска грижа, деца со воспитно-социјални проблеми, деца со посебни потреби, децата од еднородителски семејства, деца на улица, лицата изложени на социјален ризик, лица погодени од дрога и алкохол, подигање на свеста на населението, домување на лица со социјален ризик;<br>- Сопственост, управување, основање, финансирање и одржување на јавните установи - домови за стари лица, во согласност со закон;<br>- Сопственост, управување, основање, финансирање и одржување на јавните институции – детски одморалишта, во согласност со закон<br>- Учество со свои претставници во органите на управување на јавните установи за деца - детски градинки, во Градот Скопје, во согласност со закон. | 7. Социјална и детска заштита<br>- Сопственост, управување, основање, финансирање и одржување на јавните установи за деца - детски градинки, во согласност со закон;<br>- Преземање мерки во областа на социјалната заштита во согласност со закон. |
| 9. Здравствена заштита<br>- Учество во управувањето со мрежата на институции и објекти за примарна здравствена заштита од значење за Градот Скопје на јавното здравје;<br>- Преземање мерки за заштита на здравјето и безбедноста на работниците;<br>- Здравствено воспитување; унапредување на здравјето; превентивни активности;<br>- Здравствен надзор над животната средина и заразни болести и<br>- Помош на пациенти со специјални потреби. | 8. Здравствена заштита<br>- Преземање мерки за заштита на здравјето на работниците и заштита при работа;<br>- Здравствено воспитување;<br>- Унапредување на здравјето;<br>- Превентивни активности;<br>- Здравствен надзор над животната средина и заразните болести и<br>- Помош на пациенти со специјални потреби. |
| 10. Заштита и спасување<br>- Координирање на активностите за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и последиците предизвикани од нив. | 9. Заштита и спасување<br>- Заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања и природни непогоди и други несреќи и од последиците од нив. |
| 11. Противпожарна заштита<br>- Противпожарна заштита на подрачјето на Градот Скопје. | |

| **Обврски на Градот Скопје (член 10 од ЗГС)** | **Одговорности на скопските општини (член 15 од ЗГС)** |
|---|---|
| 12. Надзор<br>- Надзор над вршењето на работите од надлежност на Градот Скопје. | 10. Надзор<br>- Надзор над вршењето на работите од надлежност на општината. |
| Мислењето од ставот 1 точка 1 алинеја 3 на овој член, Градот Скопје го дава најдоцна во рок од 30 дена од поднесувањето на предлогот на планот, а доколку во овој рок истото не се даде, тогаш тоа ќе се смета дека е дадено позитивно мислење. | Плановите и проектите од ставот 1 точка 1 алинеја 3 на овој член општината ги донесува по претходно добиено позитивно мислење од Градот Скопје и согласност од органот на државната управа надлежен за уредување на просторот. |
| Надлежноста од став 1, точка 4, алинеја 15 на овој член се врши во согласност со органот на државната управа надлежен за работите на сообраќајот. | Работите од став 1 точка 1 алинеја 5 на овој член се врши во согласност со утврдени стандарди, а по претходно добиена согласност од Град Скопје. |
| Органите на Градот Скопје можат да вршат и други работи определени со закон. | Работите од став 1 точка 4 алинеја 3 на овој член се вршат во согласност со Градот Скопје. |
| | Работите од став 1 точка 9 на овој член се вршат во согласност со Градот Скопје. |

## 5. Методологијата за изготвување на ЛЕАП од 2007 година

Методологијата не е формално усвоена од страна на Владата на Република Македонија, па затоа не е правно обврзувачка.

И покрај тоа, се смета дека е многу добра почетна точка за иднината на ЛЕАП. Таа ги одредува постапките за подготовка и спроведување на ЛЕАП. Овие ревидирани упатства задржаа многу од постапките во Методологијата од 2007 година. Главната разлика е поголем фокус на надлежностите на општината, поголема вклученост на јавноста, повеќе остварливи активности и поголем акцент на спроведувањето. Предложените намалувања на комплексноста на следната генерација ЛЕАПи треба да ги направи попрактични.

Се смета дека SWOT анализата и употреба на DPSIR методологијата не треба да се задолжителни. Тие може да се користат ако општината смета дека едната или и двете ќе имаат додадена вредност за ЛЕАП.

Во однос на целните групи, Методологијата од 2007 година, исто така, сугерираше:

> *Извештајот треба да биде разбирлив за различни социјални групи на интерес, кои имаат различно ниво на технички знаења за прашањата за животната средина. Поради комплексноста на составот на целната група, најдобро е да се подготви извештај во две верзии: Техничката верзија на Извештајот ќе биде наменета за членовите на работната група и други релевантни експерти, а оригиналната верзија на Извештајот ќе биде наменета за пошироката јавност.*

Се смета дека подготовката на два извештаи е непотребна и ќе се гледа како на елитистичка и нетранспарентна. ЛЕАП треба да биде добро развиен технички извештај кој може да го разберат повеќето граѓани. Подоцна може да се направат летоци со објаснување и елаборирање на сите сложени прашања.

Методологија од 2007 година постави едно мени на активности кои треба да се преземат апропо ЛЕАП, со акцент на подготовката. Барањата се наведени подолу, со кратки коментари на Консултантот во десната колона.

| **Краток преглед на барањата на Методологијата од 2007 година** | **Коментари на Консултантот** |
|---|---|
| Воспоставување на структура за развој на ЛЕАП (пр. именување на Координатор, членови на работната група, членови на Локалниот Управен Комитет) | Од суштинско значење |
| Вклучување на јавноста во процесот на развој на ЛЕАП | Од суштинско значење |
| Користење на DPSIR методологија да се идентификуваат главните еколошки проблеми, причините за проблемите, влијанието на овие проблеми врз животната средина и одговори од општината) | Може да биде важно за поголемите ЕЛС, но може да бидат премногу комплицирано за малите ЕЛС.<br>Како што споменавме погоре, користење на DPSIR е опција за општината. |
| Користење на DPSIR трендови и индикатори | Може да биде важно за поголемите ЕЛС, но може да биде премногу комплицирано за малите ЕЛС. |
| Определување на состојбата на животната средина во тематски области (мин. ВОЗДУХ/ВОДА/ОТПАД/ БУЧАВА/КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО/ПРИРОДА) | Консултантот се согласува дека треба да има минимална задолжителна содржина, со слобода за општината да вклучи и други релевантни прашања. |

| | |
|---|---|
| Определување на еколошките проблеми/предизвици во рамките на секоја тематска област и давање препораки за нивно решавање | Од суштинско значење. Ова барање, а и следните три, треба да бидат форматирани така што да се намали дуплирањето и да се обезбеди јасност. |
| Поставување на критериуми за приоритизација на проблемите во животната средина | Од суштинско значење |
| Изработка на акциски план за приоритетните проблеми во животната средина | Од суштинско значење |
| Определување на детални акции/активности, Одговорна институција за спроведување, Временска рамка, Планиран буџет и извор на финансирање на акциите/активностите во рамките на Акцискиот план | Од суштинско значење |
| План за мониторинг со индикатори за следење на спроведувањето на ЛЕАП | Најважно |

# АНЕКС 2 - ИЗВЕШТАИ И АНАЛИЗИ ОД ПРОЕКТОТ

## Резиме на анализата направена во проектот

За време на состаноците на проектниот тим со општините имаше многу позитивен став кон концептот на ЛЕАП. Персоналот одговорен за животната средина во ЕЛС смета дека процесот на ЛЕАП е корисен и дека треба да продолжи.

Во ТИ 5 дадено е резимето на Консултантот од анализата на седумте ЛЕАПи подготвени од страна на деветте пилот општини, во однос на критериумите во ПЗ, како што следува;

- *Анализата покажа дека ЛЕАПите се 100% исполнети, малку подобро од просекот во однос на ефикасноста, слаби во однос на изводливоста и 70% во согласност со важечкото законодавство.*
- *Во ЛЕАПите се идентификувани 385 проблеми од страна на општините, од кои, проектниот тим смета дека 217 биле одговорност на општината; односно нешто повеќе од половината.*
- *Вкупно 741 активност беше предложена, од кои 507 се сметаат за одговорност на општината. Од 741 предложена активност, 270 се смета дека се одржливо исполнети од страна на соодветната општина; т.е. се смета дека една третина од сите предложени активности се речиси извршени од страна на општината.*

Следните коментари, исто така, беа вклучени во ТИ 5;

*Имајќи предвид дека некои од овие ЛЕАПи постојат веќе 10 години, ниската „стапка на извршување" се чини дека ќе укаже на суштински проблеми со концептот.*

- *Во многу случаи, тоа е последица од вклучувањето на проблемите кои се надвор од надлежноста на општината.*
- *Друга причина е тоа што некои ЛЕАПи сè уште се во рамките на 6те години нормално времетраење на ЛЕАП. Чудно, некои од поновите ЛЕАПи се далеку над просекот за напредок.*

Достапноста на соодветен персонал и финансирањето се секогаш проблем во организациите за јавни услуги. Ова прашање беше споменато практично во сите интервјуа со општините.

Додека претходните активности од ЛЕАПите претставуваа значителен напор за општините, што доаѓа од многу ниското почетно ниво, јасно е дека е потребно подобрување и дека преиспитувањето на досегашната практика на ЛЕАПи е оправдано.

Општо мислење меѓу општините е дека ЛЕАП е плански документ со статус во донаторската заедница; особено во однос на финансирањето на еколошките проекти. Се смета дека оваа функција може да биде зголемена со еден пореално фокусиран ЛЕАП.

## Големина на ЕЛС

Делот 3.1 од Програмата за реформи (ТИ9) го вклучува следниов коментар;

*Големината на ЕЛС е значајна за спроведување на законодавството за животна средина од голем број причини, вклучувајќи:*

- *Сериозноста на проблемите на животната средина, на пример, загадувањето на воздухот, што е посериозен проблем во поголемите урбани општини во споредба со малите рурални општини.*

- *Бројот на население предвиден во законодавството; на пример, во случај на карти на бучава и обезбедување на пречистување на урбани отпадни води.*
- *Економија на обем во обезбедувањето на инфраструктура како што се модерни депонии и пречистителни станици.*

*На неодамнешната работилница за програмата за реформи (15-ти декември 2015 година), учесниците (главно персонал од ЕЛС) се согласија дека е соодветно да се диференцираат ЕЛС во однос на големината на населението, како на следната табела:*

| Означување | Население | Број на ЕЛС во категоријата |
|---|---|---|
| Мала | <10000 | 30 (со најмалата околу 3000) |
| Средна | >10000 - <50000 | 35 (вклучувајќи 5 во Град Скопје) |
| Голема | >50000 | 15 (вклучувајќи 5 во Град Скопје) |
| | | 1 - Град Скопје |

Бројот на вработените одговорни за животната средина, во деветте општини испитувани во проектот, варира од 2 до 6, освен за Град Скопје каде имаше 19. Во повеќето случаи имаше 2 или 3 члена од персоналот одговорни за животната средина.

Се смета дека постои оправдување за олеснет услов, во однос на тоа што е утврдено во член 64 од ЗЖС, за помалите општини.

### Технички извештај 5

Заклучоците на Консултантот во ТИ5 беа:

*Општините се, генерално, позитивно настроени кон концептот на ЛЕАП. Најмногу се спомнува загриженоста за финансирање.*

*Многу проблеми и активности беа вклучени во ЛЕАП, кои беа надвор од надлежноста на општините, што им штети на статистичките податоци за завршени активности.*

*Предложените активности во ЛЕАП треба да бидат практичен избор за најдобра практика од страна на општината. Најголем дел од активностите треба да бидат за подобрување на нормалната работа на општината и ЈКП. Заклучокот во однос на спроведувањето е дека можеби ќе треба да се поедностави процесот за да се направи попрактичен и пофокусиран.*

*Известување за напредок недостасува во сите општини. Треба да стане вообичаена практика извештаите за ЛЕАП и за напредок да бидат на веб-страницата на Општината. Еколошката свест кај граѓаните треба да се подобри и вклучувањето на јавноста во активностите во ЛЕАП треба да се охрабри. Ова треба да биде суштински елемент на ЛЕАП.*

*Потребно е подобрување на врската помеѓу општините и МЖСПП, во однос на ЛЕАП.*

*Како што и општините имаат ЛЕАП на веб-страницата, така и Министерството треба да има дел за ЛЕАП на нивната веб-страница. Таа треба да вклучува линкови до секој од деловите на ЛЕАП на веб-страниците на општините. Исто така, треба да се подобри интеракцијата помеѓу општините и Министерството за време на фазата на развој на ЛЕАП.*

Во поглед на спроведувањето, Консултантот го коментираше следново:

*Како што претходно рековме, од анализата е многу очигледно дека има недостаток на активности за подигнување на јавната свест за животната средина. Ако сакаме процесот на ЛЕАП да биде успешен, тогаш тоа мора да се подобри.*

*Најчести проблеми со спроведувањето, изразени за време на нашата анализа и посетите, е недостатокот на финансиски средства за преземање активности во согласност со усвоените ЛЕАПи. Во многу случаи предложените активности се многу амбициозни, се бара придонес од други надлежни органи, кој не го добиваат. Би можело да се потврди дека ЛЕАПите требало да имаат поголем осврт кон веројатниот недостиг за финансирање и потенцијалниот недостиг на соработка и требало да се изготвуваат имајќи ги предвид овие потенцијални ограничувања.*

*Во некои случаи, изработката на ЛЕАП може да се сметала за цел, а на реалните преземања на активности им се давал помал приоритет.*

## Технички извештај 10

Во Техничкиот извештај 10 Консултантот предлага;

*Укажуваме на тоа дека „основното" ниво на планот треба да се спроведе „дома" од страна на вработените во општината и избраните претставници. Сметаме дека изработката на ЛЕАП „дома" треба да доведе до попрактичен план, отколку оној што ќе биде подготвен од страна на надворешни Консултанти. Ограничена надворешна експертиза може да биде корисна за некои прашања, но тоа првенствено треба да биде план на општината. Спроведувањето на предложените акции ќе биде веројатно многу попрактично и остварливо со активности што ги предвидел персоналот, кој ќе биде одговорен за спроведувањето. Овој план ќе содржи големо вклучување на јавноста и ќе доведе до краткорочни / среднорочни активности во ЛЕАП, кои во детали ќе обрнат внимание на локалните проблеми, вклучувајќи и детални активности кои најверојатно ќе бидат постигнати во следните 5/6 години. Тие би можеле да бидат разгледани и ревидирани на годишно ниво, за да се земат предвид активностите кои биле постигнати и да се променат барањата и целите.*

*Нашето мислење е делумно под влијание на големиот број на надлежности за животната средина кои се пренесени на општините во Македонија и недостатокот на соодветно квалификуван персонал во општините. За да биде основниот процес на „Граѓанскиот" ЛЕАП успешен, тој мора да биде едноставен. Таквиот „истанчен" ЛЕАП ќе опфати од 5 до 10 тематски области на животната средина на практичен начин, со 5 до 10 остварливи активности / индикатори за секоја од нив.*

*Извештајот на ЛЕАП исто така ќе вклучува еден дел кој се однесува на интеракции со други надлежни органи, за да ги охрабри да преземат конкретни активности во корист на општината. Нашата визија е документ од помалку од околу 50 страници, дури и за најголемите општини.*

Во заклучокот од ТИ10 препораката за следната генерација на ЛЕАПи беше сумирана како:

- *Поедноставување;*
- *Подобрена вклученост на јавноста;*
- *Фокус на надлежностите на општините;*
- *Врски со Министерството; и*
- *Редовно известување.*

# АНЕКС 3 - ПОТЕНЦИЈАЛНИ ТЕМИ И АКТИВНОСТИ ЗА ЛЕАП

Коментарот подолу е кратка анализа на различните одредби од законодавството, насоки и нивната важност за ЛЕАП.

## 1. Член 64 од ЗЖС

| 1. Заштита од загадување | Елаборати |
|---|---|
| 1. Подобрување на квалитетот на воздухот; | Сообраќај, Планови за квалитет на амбиентниот воздух. Релевантно за ЛЕАП за големи општини, но премногу комплексно за помалите. |
| 2. Снабдување со квалитетна вода за пиење и заштита на водите од загадување; | ЈКП. Треба да биде во ЛЕАП. |
| 3. Пречистување на отпадни води; | ЈКП. Се вклопуваат со плановите за управување со речните сливови (ПУРС). Треба да биде во ЛЕАП. |
| 4. Управување со отпад; | Можеби ЈКП и регионалните центри. Треба да биде во ЛЕАП. |
| 5. Заштита од бучава и вибрации настанати како резултат на стопански и други дејности и активности; | Дозволи и карти на бучава. Релевантно за ЛЕАП за големи општини, но премногу комплексно за помалите. |
| 6. Урбанизам и просторно планирање; | Веројатно порелевантно за ГУП отколку за ЛЕАП. |
| 7. Развој на локалниот јавен транспорт и сообраќајот на подрачјето; | Може да има некои преклопувања меѓу ова и 1а. Релевантно за ЛЕАП за големи општини, но премногу комплексно за помалите. |
| 8. Подобрување на енергетската ефикасност; | Публицитет и грантови за надградба на греењето во домаќинствата и вентилацијата ќе бидат од корист |
| 9. Развој на еко-културниот туризам и неговото влијание врз животната средина; | ЕЛС ќе има мала улога. Би можело да биде релевантно за ЛЕАП за мал број на општини. |
| 10. Заштитата на биолошката разновидност; | Може да биде премногу голем проблем за ЕЛС. Би можело да биде релевантно за ЛЕАП за мал број на општини. |
| 11. Управување и употреба на природните ресурси; | Може да биде премногу голем проблем за ЕЛС. Би можело да биде релевантно за ЛЕАП за мал број на општини. |
| 12. Подигнување на јавната свест и развој на едукацијата за животна средина; | Треба да биде основен принцип на процесот на ЛЕАП |
| 13. Влијание на економскиот развој врз животната средина; | Веројатно поопшта активност за ЕЛС отколку за ЛЕАП. Сепак, соодветна е подготовката на резиме за напредок и планови за подобрување. План за тоа како да се зголеми активноста на елаборатите, ОВЖС, итн. |

| | |
|---|---|
| 14. Надлежни субјекти за спроведување на одделните елементи на планот. | Ова нема да биде дел од активностите за подобрување. Треба да биде во рамките на организациските аспекти на ЛЕАП. |

Редоследот по значајност на параметрите за ЛЕАП погоре е;

12. Подигање на јавната свест

2. Вода за пиење

3. Отпадни води

4. Отпад

1. Воздух

5. Бучава

8. Енергетско подобрување

9. Ефекти на еко-туризмот врз животната средина

10. Биолошка разновидност

11. Природни ресурси

13. Последиците од економскиот развој врз животната средина (може да е премногу сложена тема за ЛЕАП и може да биде подобро управувана од страна на ОВЖС, СОЖС или елаборати. Може да биде корисен Акциски план за предложениот напредок.)

7. Влијанието на сообраќајот и транспортот врз животната средина се чувствува само на ограничени локации.

„Урбанистички развој и просторно планирање‟ треба да се смета за посебна „самостојна‟ функција за општината и генерално треба да бидат исклучена, освен ако општината смета дека е од суштинско значење за нивниот ЛЕАП.

Последната точка е;

14. „Надлежни субјекти за спроведување на планот‟

Ова е важно прашање, но не е еколошка тема за ЛЕАП. Ова ќе се разгледува во секој ЛЕАП под раководствени/организациски аспекти.

## 2. Национален еколошки акциски план

НЕАП вклучува разработка на состојбата со животната средина осврнувајќи се на следниве теми;

1. Атмосфера;
2. Водостопанство;
3. Управување со почва;
4. Управување со отпад;
5. Природа и биолошка разновидност;
6. Земјиште и користење на предели;
7. Управување со бучава.

Консултантот смета дека оваа листа на еколошки теми од НЕАП е разумна форма за техничка содржина на ЛЕАП.

## 3. Закон за локална самоуправа

Законот за локална самоуправа од 2002 година делегира различни задачи на општинско ниво, вклучувајќи и надлежност за вршење:

1. Урбано и рурално планирање,
2. Заштита на животната средина,
3. Природа и просторна регулатива,
4. Општински услуги како што се;
   i. снабдување со вода,
   ii. пречистување на отпадни води,
   iii. собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад и
   iv. надзор над вршењето на работите под надлежност на општините.

Овие четири се многу важни, но донекаде одделни функции. Консултантот смета дека постои разумен аргумент за разгледување на точките 2, 3 и 4 во ЛЕАП.

## 4. Листа на можни мерки за различни теми на животната средина;

Следниве мерки можат да бидат соодветни за голем број на теми и цели;

- ***Обуки:***
  - Семинари, работилници, курсеви;
  - Едукативни предавања за деца;
  - Едукативни предавања за возрасни;
  - Други видови на неформално образование.
- ***Економски алатки (стимулативни мерки):***
  - Воведување на начелото „загадувачот плаќа";
  - Спроведување на систем за наплата на потрошена вода и собирање и отстранување на отпадот;
  - Ослободување од разни даноци и такси за поединци или правни лица кои придонесуваат за заштита на животната средина;
  - Бенефиции (грантови/субвенции) за активности кои придонесуваат за заштита на животната средина (на пример, користење на соларна енергија, користење на рециклиран материјал, итн);
- ***Развој на локални програми:***
  - Акции за собирање на материјал за рециклирање (нус-производи) од семејни куќи;
  - Акции за пошумување;
  - Активности за обезбедување на водоводната и канализациона мрежа со директни врски до потрошувачите;
- ***Технолошки мерки:***
  - Имплементирање на нови технологии.
- ***Правни механизми:***
  - Постапка за оцена на влијанието врз животната средина (ОВЖС) за одредени проекти од животната средина;

  - Управување со Б-ИСКЗ дозвола;
  - Програма и план за управување со отпад во општината;
  - Подготовка на Стратешка оцена за животната средина (СОЖС) за даден општински план;
  - Надзор од страна на овластен/локален инспектор за животна средина;
  - Основање на претпријатие/одлука за доделување на концесија за управување со отпад во општината;
  - Забрани, итн.
- ***Истражувања:***
  - Анализа на јавното мислење за одредено прашање;
  - Анализа на концентрацијата на одредени елементи во медиумите на животната средина;
  - Анализа на тековната состојба/услови со биолошка разновидност, итн.
- ***Техничка поддршка:***
  - Воспоставување на систем за пристап до информации во врска со животната средина
  - Мониторинг на медиумите на животната средина.

## 5. Листа на можни активности за различни теми на животната средина;

**ПОДИГАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ**

Ова може да биде една од најголемите придобивки за процесот на ЛЕАП. Иако активностите веројатно ќе бидат претежно мали, со упорност ќе генерираат интерес на јавноста за животната средина.

Длабоко вклучување на граѓаните во изготвувањето на ЛЕАП и обезбедувањето на најнови информации за напредокот на ЛЕАП во некаков лесно достапен формат, треба да поттикне поголем интерес за животната средина.

Сите можности за информирање на јавноста во врска со животната средина треба да се искористат.

Фокусот кон едукација на децата за животната средина може да биде добар начин да се оди напред. Родителите можат да реагираат позитивно на критиките од своите деца за лошо однесување кон животната средина.

Написите во врска со животната средина во весници, радио и телевизија треба да го подигнат интересот.

Подобра вредност може да се постигне на национално ниво, а МЖСПП треба да размислува за редовно вклучување на јавноста во работата на еколошките активности и прашања. Пред околу 30 години ирското Министерство за животна средина воспостави образовна организација за животната средина ENFO[3]. Слична организација е и YPTE[4], од Велика Британија, посветена главно на едукација на децата

[3] *http://www.askaboutireland.ie/enfo/*

[4] *https://ypte.org.uk/*

за животната средина. И двете се активни во обезбедување на информации за животната средина од почетокот на 1980-тите.

**ОТПАДНИ ВОДИ**

Визијата да се има добар систем за управување со отпадни води е на многу долг рок, но една краткорочна мерка за „подготвителни работи за шема на отпадни води" може да вклучува активности како што се:

- Развивање и одржување на компјутерски регистар за евидентирање на проблеми, запушување, поплави, жалби, прелевања, познати проблематични места во однос на постоечките колектори за отпадни води, итн.
- Барање и лоцирање на сите шахти и друга инфраструктура за отпадни води;
- Изработка на карта за постојниот колекторски систем;
- Изготвување на евиденција за големината на цевките и цевководните материјали и староста на сите локации;
- Подготвување на евиденција за пумпи; производители, големина, старост, услови, главни пумпи, ефикасност, запушување, ниво на задоволување.
- Развивање на листа на поврзани и неповрзани имоти итн.
- Развивање на база на податоци за индустриски испусти во канализација; тип на отпадни води, квантитативни и квалитативни карактеристики, детали за секој третман на самото место;
- Спроведување на геодетско истражување за шахти за собирање на податоци за длабочините на шахтите; исто така, вклучување на вкрстено поврзани фотографии од внатрешноста на шахтите;
- Изготвување на математички хидрауличен модел на системот за собирање;

Овие податоци ќе бидат од голема вредност кога ќе дојде време за дизајн на проектот за отпадни води на општината. Активностите, исто така, ќе им обезбедат на лицата поголемо разбирање за тоа како функционира нивниот систем. Додека регистарот во првата точка треба да биде за широк опсег на општината, другите активности може да се фокусираат на делови од општината.

**ВОДОСНАБДУВАЊЕ**

За водоснабдувањето корисните активности ќе вклучуваат;

- Развивање и одржување на компјутерски регистар за евидентирање на проблеми и поплаки.
- Определување на локацијата на сите вентили, мерачи, пумпи, итн. во системот;
- Изготвување на евиденција за големината на цевките и цевководните материјали и староста на целата дистрибутивна мрежа;
- Подготовка на карта за мрежата,
- Анализирање на притисоците во системот;
- Развивање на подрачни мерни зони;
- Подготовка на воден биланс за системот;
- Евидентирање на големината на цевките, материјалите и староста на цевките во целата мрежа.
- Поврзување на податоците за производство и пречистување на водата;
- Поврзување на податоците за квалитетот на водите.

**ОТПАД**

Активностите за соодветно управување со отпадот ќе вклучуваат;

- Картографски приказ на локации со незаконски фрлен отпад и обезбедување на процена на количината;
- Чистење на дивите депонии

- Анализа на тековните рути на собирање;
- Анализа на области непокриени со услуга, за да се разгледа можноста за проширување на услугата
- Анализа на собраните количини;
- Идентификување и картографски приказ на подрачја кои порано се користеле како диви депонии.

# АНЕКС 4 - DPSIR И SWOT

Ова се две корисни алатки за одредување на приоритетите на животната средина во општината и анализа на организацијата. И двете беа предложени во Методологијата за изготвување на ЛЕАП во 2007 година.

За следната генерација на ЛЕАПи тие треба да бидат изборни, а не задолжителни.

## DPSIR

DPSIR се споменува во многу од поранешните ЛЕАПи како механизам за тоа како може да се мери состојбата на животната средина.

DPSIR се однесува на;

**Двигатели**; активности кои предизвикуваат влијание - социо-економски и социо-културни сили кои ги движат човековите активности, кои ги зголемуваат или ублажуваат притисоците врз животната средина, како што се економската активност, расположливиот приход, бројот на домаќинства, слободните активности, земјоделските активности, транспортот, итн.

(двигателите ги создаваат Притисоците)

**Притисоци** се стресовите кои човековите активности ги предизвикуваат во животната средина, како што се; емисиите во воздухот, загадувањето на водата, други еколошки промени, итн.

(Притисоците влијаат или ја модифицираат Состојбата)

На **Состојбата** на животната средина (условите во животната средина) влијае пр. загадувањето, промените во квалитетот на воздухот, бучавата, квалитетот на водата, итн.

(Состојбата на животната средина предизвикува Влијанија)

**Влијанија** се ефектите од деградацијата на животната средина, како што се на пример, болести кај луѓето, губење на биодиверзитетот, поплави;

(Влијанијата бараат Одговори)

**Одговор** од општеството на еколошката состојба, односно мерки за да се реши проблемот со животната средина, како што се: гранични вредности за емисии, промени во методите, регулативите, даноците, одржливото користење на ресурсите.

(Одговорот ги менува или ги елиминира Двигателите)

Како прв чекор во постапката за DPSIR, мора да се собираат податоци и информации за сите различни елементи во синџирот на DPSIR. Потоа треба да се идентификуваат можните врски меѓу овие различни аспекти. Преку употреба на рамката на DPSIR моделирање, можно е да се измери ефективноста на одговорите кои треба да се воведат. Процесот на DPSIR е повторлив модел; по одговорот може да се појават различни Двигатели, проследени со разни притисоци и така натаму и така натаму.

DPSIR анализата е барање од Европската агенција за животна средина за националени тип на активност „за состојбата со животната средина" и неговата употреба на национално или на ниво на Град Скопје може да биде оправдана. Сепак, за помалите општини корисноста и вредноста на детална анализа на DPSIR може да биде доведена во прашање. За помалите општини ЛЕАПот треба главно да се

фокусира на снабдување со вода, отпадни води, отпад, подигање на јавната свест и други сектори во кои прашањата и приоритетите треба да бидат разумно очигледни.

Ако општината сака да направи детална DPSIR анализа на животната средина во ЛЕАПот, тоа е прифатливо.

## SWOT

SWOT анализа е студија на организацијата која се презема за да се идентификуваат внатрешните Силни страни и Слаби страни, како и надворешните Можности и Закани.

Тоа е структуриран метод за планирање кој се користи за процена на Силните страни, Слабите страни, Можностите и Заканите кои се вклучени во проектот или во деловниот потфат. Таа опфаќа наведување на целта на деловниот потфат или проект и определување на внатрешните и надворешните фактори кои се поволни и неповолни за да се постигне таа цел.

- **Силни страни**: карактеристики на бизнисот или проектот кои му даваат предност во однос на другите.
- **Слаби страни**: карактеристики кои го ставаат бизнисот или проектот во неповолна положба во однос на другите.
- **Можности**: елементи кои проектот може да го искористи во своја полза.
- **Закани**: елементи во животната средина кои можат да предизвикаат проблеми за бизнисот или проектот.

Определувањето на SWOT може да биде важно, бидејќи анализата може да даде информации за следните чекори во планирањето за да се постигне некоја цел.

Принципот е дека по SWOT анализата, носителите на одлуки треба да разгледаат дали целта е достижна, од резултатите на SWOT анализата. Ако целта не се смета за реална, мора да се одбере друга цел и процесот се повторува.

SWOT анализата кај претходната генерација на ЛЕАПи имаше тенденција за решавање на заеднички теми; „Демографија и општествен просперитет‟, „Инфраструктура‟, „Локална економија‟ и „Локалната власт‟. Имајќи ги предвид ограничените ресурси кои се однесуваат на прашањата за животната средина, се смета дека генерално овој детаљ е премногу за ЛЕАП. Вклучување на SWOT анализа може да биде адекватно во секторот за животна средина на општината.

Ако општината сака да направи SWOT анализа на нејзиното целосно работење или на нејзиниот сектор за животната средина во ЛЕАП, тоа е прифатливо.

# АНЕКС 5 –МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛЕАП ОД 2007 ГОДИНА

Подолу е дадено резимето на главните одредби од Методологијата.

## 1. ШТО Е ЛЕАП ДОКУМЕНТОТ И ЧЕКОРИ ЗА НЕГОВО ИЗГОТВУВАЊЕ

Документот Локален Еколошки Акциски План има значајна улога во воспоставувањето и примената на принципите на одржлив развој на локално ниво, а тоа придонесува за создавање на основа за правилно функционирање на локалната демократија, за создавање економија во која ќе се интегрира вредноста на водите, воздухот, почвата, биолошката разновидност, природните вредности и реткости, со цел да се обезбеди подобар животен стандард за граѓаните и одржливо користење на ресурсите во секоја општина. Составен дел на процесот за изработка на ЛЕАП е транспарентноста, активното учество на јавноста при одредувањето на состојбата со животната средина и приоритизацијата на клучните предизвици кои треба да се решат.

Изработката на ЛЕАП, како стратешки документ за планирање на општинско ниво е законска обврска која произлегува од Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр. 53/2005, 24/07, 159/08, 83/09 и измени и дополнувања 124/10, 51/11, 123/12), член 60, од страна на Советот на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, врз основа на оцена на нивните специфични услови и потреби, во согласност со Националниот акциски план за животната средина. Општините донесуваат локални акциски планови за заштита на животната средина во согласност со утврдена Методологија.

Документот ЛЕАП во Република Македонија треба да биде подготвен во согласност со Методологијата за изработка на Локален еколошки акциски план - Упатство за општините, подготвена од страна на Регионалниот центар за заштита на животната средина (РЕЦ) - Канцеларија во Македонија која е усвоена како национална методологија за развој на документи ЛЕАП.

Развојот на ЛЕАП, како документ за општинските планирања и развој, е со важност за период од 6 години; Тој, исто така се усвојува од страна на Советот на општината и се грижи за следново:

- Ја мотивира локалната заедница да преземе конкретни обврски и да се грижи за животната средина со спроведување на мерки и активности наведени во Акцискиот план;
- Иницира дијалог, врз основа на аргументи и дефинирани приоритети, меѓу претставниците на општината и меѓународните финансиски институции за финансирање на проекти поврзани со животната средина;
- Обезбедува планиран развој на општината врз основа на реално расположливите ресурси, како и на принципите на одржлив развој;
- Воспоставува соработка на општината со надлежните владини институции и други општини, со цел да се обезбеди успешен регионален развој;
- Стимулира културен туризам што ќе ја афирмира општината и ќе обезбеди развој на локалната економија;

- Иницира конкретни активности на локално ниво, како и дејствија и мерки на јавната свест со цел да се подигне свеста на локалното население за значењето на заштитата и унапредувањето на животната средина;

Главната цел на изработка на ЛЕАП е да се одреди состојбата со животната средина во сите тематски области (урбан развој, емисии во воздухот и управување со воздух, управување со отпад, управување со води, бучава, почва и земја, природа/природно и културно наследство). После тоа, се иницираат мерки и активности за процесот на учество на јавноста во приоретизирање на проблемите кои ќе бидат предложени, дефинирање на одговорноста за секој проблем (изработка на Акциски план), како и План за мониторинг и оцена за мониторинг на спроведувањето на мерките на годишна основа.

Главната цел за подготовка на документот за ЛЕАП е:

- Оцена на тековната состојба со животната средина на локално ниво;
- Дефинирање, оцена и претставување на проблемите во животната средина, врз основа на ризиците по здравјето на луѓето, екосистемите и општиот квалитет на животот;
- Развивање на стратешки активности за намалување на ризиците по животната средина;
- Зголемување на јавната свест и одговорност за заштита на животната средина, зголемување на јавната поддршка за инвестиции наменети за заштита на животната средина од страна на општината;

Со изработката на документот за ЛЕАП, општината ќе има многу придобивки:

- Воспоставена структура за соработка меѓу општинските релевантни тела на локално ниво во рамките на општината;
- Јавноста ќе биде информирана за релевантните прашања од животната средина во општината;
- Поголема јавната свест за релевантните еколошки прашања во општината;
- Успешно развиени стратегии кои ќе помогнат во решавањето на прашањата за животната средина;
- Создадени и развиени услови и локални капацитети за идните инвестиции во решавањето на прашањата за животната средина во општината.

Одговорноста за развој и усвојување на документот за ЛЕАП припаѓа на Советот на општината и вработените во општините, на Градот Скопје и на општините во Градот Скопје, како и на други физички и правни лица утврдени со Планот. ЛЕАП ја земаат предвид состојбата на животната средина во одредена област и предложуваат краткорочни и долгорочни мерки и активности за да се ублажат, спречат и елиминираат ризиците за животната средина за човековото здравје и за екосистемите кои се во согласност со општинските законски обврски.

Општинските власти и сите релевантни чинители ќе работат на:

- Заштита и унапредување на квалитетот на воздухот;
- Обезбедување чиста вода за пиење и заштита на водните текови;
- Пречистување на отпадните води;
- Управување со отпад;

- Заштита од бучава и вибрации кои доаѓаат од индустриски и комерцијални активности;
- Урбан развој и просторно планирање;
- Развој на локалниот јавен транспорт и управување со сообраќајот;
- Зголемување на енергетската ефикасност;
- Развој на еко-културен туризам и негово потенцијално влијание врз животната средина;
- Заштита на биолошката разновидност;
- Управување со природните ресурси;
- Зголемување на јавната свест и промоција на заштитата на животната средина;
- Влијание на економскиот развој врз животната средина, преземање одговорност за спроведување на планираните елементи.

Согласно со Методологијата, за време на процесот на планирање на ЛЕАП документот, секоја општина ќе треба да помине низ неколку фази:

1. Изработката на ЛЕАП документот треба да почне со воспоставување на организациска структура за ЛЕАП, која ќе обезбеди добро управување на процесот и учество на јавноста во текот на целиот процес на развој. Главни одговорни лица/органи се: Локален Координатор за изработка на ЛЕАП, Заменик на Локален координатор, Локален Управен Комитет (ЛУК) со неколку (10-15 членови – различни чинители), пет Работни групи за секоја тематска област (секоја РГ има 3- 5 технички и искусни лица во тематската област);
2. Подготовка на План за активно учество на јавноста со цел јавноста да се вклучи во подготовката на документот за ЛЕАП;
3. Оцена на еколошките услови во секоја тематска област врз основа на одговорите добиени од работните листови пополнети од страна на членовите на секоја Работна група, за секоја тематска област одделно;
4. Дефинирање на приоритетните проблеми/предизвици во секоја тематска област;
5. Воспоставување на цели и мерки потребни за решавање на приоритетните проблеми/предизвици во сите тематски области;
6. Воспоставување на мерки за спроведување, мониторинг, евалуација и преглед на спроведувањето на ЛЕАП документот
7. Одредување на оперативни механизми за мониторинг и оценување на спроведувањето на ЛЕАП и ревизија.

Оптимален рок за изработка на ЛЕАП е 10-12 месеци.

## 2. ФОРМИРАЊЕ НА СТРУКТУРА ЗА ЛЕАП

Согласно со Методологијата за изработка на ЛЕАП и Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15 и 129/15), член 60, став 2, градоначалникот на општината иницира изготвување на Локален еколошки акциски план. Иницијативата се доставува до

Советот на општината и по нејзиното усвојување, процесот на изработка на ЛЕАП може да започне.

Според член 60 став 5 од Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15 и 129/15) Градоначалникот на општината одредува Локален Координатор одговорен за секојдневните основни активности за изработка на ЛЕАП за Општината[5].

Градоначалникот на општината, исто така, предлага список на членови за Локалниот Управен Комитет, кој обично вклучува претставници од сите чинители од општината - јавни претпријатија, подрачни единици на министерствата, образовни институции, здравствени институции, невладини организации, професионални организации и бизнис секторот.

Советот на општината донесува одлука во врска со организациската структура (Локален Координатор и членови на Локалниот Управен Комитет) за изработка на ЛЕАП за Општината.

За време на првиот состанок на Локалниот Управен Комитет се усвојуваат Деловник за работа и се основаат 5те работни групи. Работна група се формира за секоја тематска област (воздух, вода, отпад, природа и почва (користење на земјиште/урбан развој). Се номинираат дополнителни одговорни лица: Заменик Локален Координатор и Службеник за односи со јавноста.

Секоја работна група има свој Координатор и 3-4 членови кои ги поседуваат локалните еколошки податоци и информации, состојбата на евиденцијата на животната средина и извештаи за животната средина кои можат да послужат како извор за определување на тековната состојба со животната средина. Овие членови се обично претставници од следните сектори во општината: Одделение за комунални работи, Одделение за инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина, Одделение за инспекциски надзор, Одделение за урбанистичко и просторно планирање, Одделение за локален економски развој, бизнис заедницата, земјоделскиот сектор, јавните претпријатија, Министерството за животна средина и просторно планирање, градот Скопје (Сектор за природа/Сектор за воздух/Сектор за води/Сектор за отпад).

Структурата за подготовка на документот за ЛЕАП е прикажана на следната шема.

[5] Соопштението погоре е во Методологијата, но не е точно пропишано со Законот за животната средина. Во членот 60 став 5 се вели; - ". Советот на ЕЛС воспоставува тело, на чело со градоначалникот за следење на спроведувањето на ЛЕАП и предлага измени и еднаш годишно извештај до МЖСПП"а не тело за подготовка на ЛЕАП.




Шема 1 Организациска структура за подготовка и спроведување на документот за ЛЕАП

## 3. УЧЕСТВО НА ЈАВНОСТА

Составен дел на процесот за изработка на ЛЕАП документот е транспарентноста, активното учество на јавноста при одредувањето на состојбата со животната средина и приоретизација на клучните предизвици кои треба да се решат.

Со цел да се обезбеди добро темпиран, сеопфатен процес за развој на ЛЕАП со активно учество на јавноста, треба да се подготви **План за учество на јавноста**. Според методологијата за изготвувањето на ЛЕАП, планот треба да се состои од 6 чекори/фази и тоа:

- Дефинирање на целите за учество на јавноста (определување на главните цели);
- Определување на целните групи на јавноста (дефиниција на локалната заедница која треба да биде вклучена во изготвувањето на ЛЕАП);
- Подготовка на брошури (пораката што треба да ѝ се пренесе на јавноста);
- Определување, евалуација и избор на методи за учество на јавноста (кој е најдобар начин да се пристапи кон јавноста, со цел да се информира за активностите поврзани со развојот на ЛЕАП)
- Определување на потребите од ресурси (дали има некакво можно инволвирање на новинари, студенти, ТВ и радио медиуми за спроведување на прашалници за јавноста, собирање и анализа на резултатите од прашалникот; Каков вид на финансиски средства и ресурси се на располагање? Дали локалните весници сакаат да дадат бесплатен рекламен простор?)
- Развој на Работен план (Работниот план треба да вклучи: одредување на портпарол, ангажирање на волонтери за да помогнат во процесот на учество на јавноста, список со достапни локални медиуми со нивните контакт информации, средба со новинари и уредници на медиумите, обезбедување на брошури и информации за ЛЕАП, јавни повици и соопштенија за медиумите, итн.)

## 4. ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА - СОСТОЈБА СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ЛОКАЛНО НИВО

Оцената на животната средина е суштински елемент за определување на состојбата на животната средина и главните проблеми/предизвици на животната средина, како и приоритетите и активностите во процесот на развој на ЛЕАП. Оваа Глава ја опишува сегашната состојба на сите медиуми на животната средина, како што се воздухот, водата и почвата, коешто ѝ помага на локалната заедница за подобро разбирање на условите на животната средина и иницирање активности за одржлив развој. Оцената на состојбата на животната средина треба да обезбеди:

- Појдовна еколошка точка за мерење на ефикасноста на спроведувањето на активностите и мерките предложени во ЛЕАП, со цел подобрување на тековната состојба на сите медиуми на животната средина;
- Информации за антропогеното влијание/притисок врз животната средина од на главните двигатели и негативните влијанија врз здравјето на луѓето и материјалните средства;

- Детална анализа на главните еколошки прашања, проблеми и предизвици на локално ниво;
- Зголемена јавна свест за заштита на животната средина и учество на јавноста во подобрување на постојната локална состојба со животната средина;
- Добра комуникација помеѓу сите чинители со која ќе се создадат нови одржливи активности за заштита на животната средина.

### a. DPSIR Методологија

Моделот на DPSIR (Двигател, Притисок, Состојба, Влијание, и Одговор) се состои од пет елементи за идентификување на интеракциите помеѓу двигателите, притисоците врз животната средина, состојбата со животната средина, влијанието и потребните одговори што треба да се спроведат за да се намали и спречи загадувањето на животната средина во земјите. Моделот го нагласува односот причина-резултат и им помага на оние кои треба да донесат одлука да ја земат предвид поврзаноста на економските, општествените и еколошките прашања.

DPSIR (Двигател, Притисок, Состојба, Влијание и Одговор) методологијата ги вклучува **двигателите (D),** кои предизвикуваат **притисок врз животната средина (P)** и влијаат на квалитетот на животот и квантитетот на природните ресурси дефинирани како **„состојба со животната средина“ (S), „влијание“ (I)** на квалитетот на медиумите на животната средина врз здравјето на луѓето, биолошката разновидност и одговор на заедницата на овие промени со примена на мерки на политиката за животната средина и секторски активности, како и активности за подигање на јавната свест за менување на однесувањето на граѓаните, дефинирани како **„одговор“ (R)**.

Методологијата DPSIR користи исто така и **индикатори** за секој елемент на DPSIR, со цел да ја претстави тековната состојба во секој од елемент на DPSIR и достигнувањата во одреден временски период, според предложените цели, со главна цел да се започне нов процес на стратешко планирање.




Шема 2 Претставување на DPSIR методологијата применета при изготвувањето на ЛЕАП

### 6. Дефинирање на индикатори

Индикатор е описен или нумерички параметар кој ја одразува состојбата на феномените/медиумите/областите на животната средина. Индикаторот се пресметува од параметрите или вредностите добиени од различни извори. На пример, нумерички индикатор за квалитетот на воздухот е вредноста на концентрацијата на одредени

загадувачи во воздухот, кој се споредува со граничните вредности на концентрацијата на таа загадувачка супстанција во воздухот.

Описен индикатор се користи кога состојбата со животната средина или со некои медиуми треба да се спореди со одредена класа/категорија/степен, кои се претходно дефинирани според одредени критериуми (пр. категоризација на реките - река со класа IV на квалитет на вода).

Индикаторите се користат за еднообразно да се претставаат и да се споредат условите на животната средина на локално, национално и меѓународно ниво.

Основните критериуми за избор на индикатор што ги дефинира условите на животната средина се:

- да бидат ***релевантни и корисни за корисниците*** (да обезбедат репрезентативна слика на условите на животната средина, еколошките притисоци и одговори од страна на властите, да бидат едноставни, лесно да се толкуваат и да го претставаат трендот на промени за одредено време, да се споредливи со меѓународните индикатори)
- ***да бидат аналитички*** (технички и научно надградени, врз основа на меѓународните стандарди и да се меѓународно признати, за да може лесно да се поврзат со економски модели, прогнози и информациски системи)
- ***да бидат мерливи*** (лесно достапни, соодветно документирани и со потребниот квалитет, периодично да се ажурираат во согласност со пропишаната постапка, точни).

## в. Собирање на податоци

За секој елемент на DPSIR се направени Работни листови и овие алатки треба да се користат за подобро разбирање на сите двигатели (пр. транспорт, земјоделски активности, производство, дистрибуција, снабдување со енергија, итн.), притисоци врз животната средина (емисии во воздухот, водата, почвата, создавање на отпад, итн.), состојбата со животната средина (квалитетот на воздухот на локално ниво, квалитетот на површинските води, подземните води, езерата, квалитетот на почвата, итн.), влијанија врз здравјето на луѓето и биолошката разновидност (пр. број на болести кои се пренесуваат преку вода или зголемување на бројот на загрозени видови) и одговори од локалната самоуправа (издадени Б-ИСКЗ дозволи, спроведени постапки за СОЖС и вклученост на јавноста во процесот на донесување одлуки, нудејќи мислења за извештај[6]-елаборат за ОВЖС и инспекции на спроведувањето на Програмата за животна средина).

Со цел да се пополнат Работните листови за DPSIR, може да се користат различни извори на податоци: Годишната програма на претпријатијата и годишните извештаи на Јавното комунално претпријатие за потрошувачката на вода од домаќинствата, потрошувачката на вода од индустријата, количината на отпадните води и третманот на отпадни води, извештаи за квалитетот на воздухот, извештаи за квалитетот на водата, извештаи од лабораториските анализи за воздух/вода/отпад/почва, итн.

За време на подготовката на оцената на состојбата со животната средина, најкритична точка е определувањето на изворот на податоци и времето потребно за собирање,

[6] ЕЛС не ги одобруваат извештаите за ОВЖС, тие може да доставаат мислење за определување на обемот на ОВЖС до МЖСПП и мислење за студијата за ОВЖС до МЖСПП. Исто така, извештајот за соодветноста на студијата за ОВЖС МЖСПП го испраќа до ЕЛС, на чие подрачје се планира да се спроведе проектот.

сумирање на релевантните податоци и ставање во соодветен формат, кој обезбедува видливост и можност за понатамошна анализа.

Неопходно е да се користи хиерархија на изворите на податоци и информации за да се утврдат најдобрите достапни информации, со оглед на постоењето на локални и регионални, национални и меѓународни извори.

### г. Изработка на локални Извештаи за состојбата со животната средина

Во текот на изработката на локалниот Извештај за состојбата со животната средина, како Глава од ЛЕАП, треба да бидат земени предвид следниве прашања:

- Целна група: Извештајот е разбирлив за различни општествени групи на интерес, кои имаат различно ниво на технички знаења за прашања за животната средина. Поради комплексноста на составот на целната група, најдобро е извештајот да се подготви во две верзии: Техничка верзија на Извештајот, ќе биде наменета за членовите на работната група и други релевантни експерти, како и оригинална верзија на Извештајот наменета за пошироката јавност.
- Претставување: Користењето на табели, листови, карти, шеми, фотографии, наслови и поднаслови може да придонесе за полесно разбирање на структурата на извештајот.
- Документација и дефиниција: Во текот на подготовката на извештајот, треба да се определат и набројат сите релевантни користени извори на податоци и термини.

## 5. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТНИ ПРАШАЊА ОД ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Работните групи ги дефинираат клучните прашања за животната средина врз основа на состојбата со животната средина и ја доставуваат предлог листата со општинските еколошки прашања/проблеми/предизвици до локалниот управен комитет. Поради важноста на јавното мислење во однос на прашањата за животната средина, Локалниот Управен Комитет предлага прашалник, со цел да се испита јавното мислење. Одговорите собрани од јавноста се користат во процесот на приоритизација (како критериуми на јавното мислење).

Може да се користат следниве критериуми за приоритизација: влијание врз здравјето на луѓето, влијание врз животната средина, влијание врз квалитетот на животот, распространетост, интензитет, иреверзибилност, јавно мислење, ниво на контрола на општината за решавање на проблемите; планирање, законски и регулаторни барања и мислења на членовите на Локалниот управен комитет.

***Влијание врз здравјето на луѓето*** - Дали еколошките проблеми/предизвици претставуваат потенцијален ризик по здравјето на луѓето? (Респираторни проблеми, главоболка, болест и слично)

***Влијание врз животната средина*** - Дали еколошките проблеми предизвици имаат влијание врз квалитетот на животот, предизвикуваат намалување на економската состојба на населението, нарушување на пределот и сл.?

***Распространетост*** - Колку влијанието на проблемот ќе се шири во животната средина? На пример, ако проблемот влијае на здравјето на луѓето, колку луѓе или колкав процент од населението е изложен на влијанието на прашањето на животната средина. Дали проблемот влијае на целата територија на општината, или само на еден одреден дел? Дали проблемот влијае на целокупниот екосистем или само во одредени делови?

***Интензитет***- Колку сериозно е влијанието на прашањата за животната средина? Со кој интензитет се засегнати луѓето и екосистемите?

***Иреверзибилност***- по елиминацијата на еколошкиот проблем/предизвик колку време е потребно за целосно неутрализирање на влијанието.

***Мислење на јавноста***- Какво е мислењето на мнозинството членови на заедницата за одредени прашања (преку прашалникот, добри односи со јавноста, комуникација со граѓаните и др.)

***Ниво на контрола на општината над решавање на проблемот***- Дали и на кое ниво општината се соочува со еколошкиот проблем/предизвик? Дали е проблемот од национален интерес, или може да се реши на локално ниво?

***Планирање, правни и регулаторни барања***- *Дали решавањето на проблемот е веќе планирано со други плански документи? Дали постои законска регулатива која предвидува решавање на овој проблем?*

***Мислења на членовите на Локалниот Управен Комитет*** - Какво е мислењето на мнозинството членови на Локалниот Управен Комитет за одреден проблем и колку од членовите мислат дека ова е проблем од приоритетно значење.

Локалниот Управен Комитет ја прави приоритизацијата на проблемите/предизвиците поради полесно идентификување на приоритетите на животната средина. За приоритетизација, Комитетот користи Работни листови претставени во Табела 3. Кога приоритетната листа со прашањата за животната средина е изработена, Локалниот Управен Комитет подготвува список со приоритетите и ги повикува граѓаните да го дадат своето мислење.

Табела 3 Пример на Работен лист за приоретизација на еколошките проблеми/ предизвици во општината

| **Клучни прашања за животната средина** | **Критериуми за приоритизација на прашањата за животната средина** | | | | | | | | | **Вкупно ( просек )** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Потенцијален ризик за здравјето на луѓето | Потенцијален ризик за заштита на животната средина | Влијание на квалитетот на животот | Распространетост | Интензитет | Иреверзибилност | Мислење на јавноста | Контрола од страна на општината | Планирање, правни и други регулаторни барања | Мислење на членовите на ЛУК | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |

Евалуацијата на влијанието на секој критериум за прашањата за животната средина може да се врши описно (големо влијание (С), големо влијание (С), мало влијание (Н) или нумерички ((големо влијание (5), големо влијание (3) мало влијание (1)). За секој критериум за оцена на влијанието врз животната средина се подготвува кусо писмено образложение.

Ако во процесот на одредување на приоритетите неколку критериуми имаат иста стапка на оценување, членовите на Локалниот Управен Комитет можат да се договорат кои критериуми ќе бидат клучни за поставувањето приоритети на прашањата. По поставувањето приоритети на прашањата за животната средина, Локалниот Управен Комитет, во рок од 5 дена, објавува листа на приоритети и ги повикува граѓаните да дадат свои коментари, со користење на неколку техники за вклучување на јавноста.

Коментарите од јавноста треба да бидат земени предвид, кое е можно од страна на членовите на Локалниот Комитет. При разгледувањето на коментарите од граѓаните, локалниот комитет треба да состави записник кој ќе биде достапен за јавноста.

## a. SWOT анализа

Терминот SWOT доаѓа од Силни страни, Слаби страни, Можности и Закани. SWOT анализата претставува анализа на внатрешните и надворешните фактори кои влијаат на работата на општината. Сите внатрешни фактори (фактори на кои општината може да има влијание) се силни страни (позитивно влијание) или слаби страни (негативно влијание) и сите надворешни фактори (фактори на кои општината не може да направи влијание) се можност или закана.

Во процесот на изработка на ЛЕАП, SWOT анализата треба да се спроведе за следниве тематски области: демографија, социјална заштита, инфраструктура, локална власт и локална економија. SWOT анализата се користи како алатка за правилно дефинирање на целите и активностите во понатамошниот процес на изработка на ЛЕАП документот. Членовите на Локалниот Управен Комитет треба да укажуваат на мерки или да предложат активности за слабите страни да станат силни страни, активности за искористување на можностите и активности за избегнување на заканите на општината.

# 6. ДЕФИНИРАЊЕ НА ЦЕЛИ И МЕРКИ

## 6.1 Паметен (SMART) пристап

Во согласност со методологијата за изработка на ЛЕАП во процесот на дефинирање на соодветни цели и мерки се препорачува примена на SMART принципот кој вклучува:

- **S** - simple/specific (едноставни/специфични);
- **M** – measurable (мерливи);
- **A** – applicable (применливи);
- **R** – realistic (реални);
- **T** – Time – bound (временски ограничени).

***Едноставни/специфични***- Целите треба да бидат неспорни, кратки и јасни (секој што ќе ги чита или слуша треба да знае точно со што се поврзани). Едни од најчестите проблеми во текот на реализацијата на активностите и плановите се непрецизно дефинираните цели.

***Мерливи*** - Целите треба да бидат мерливи со цел да се следи напредокот на нивната реализација/спроведување. Тие можат да бидат лесно (директно) мерливи или потешко (индиректно) да се мерат. Тоа зависи од можноста целите да се директно или индиректно мерливи за да се исполни овој критериум.

***Применливи*** - Методологијата пропишува на кој начин треба да се применуваат целите.

***Реални*** - Според реализацијата на методологијата целите зависат од резултатите од SWOT анализата.

***Временски ограничени***- Според методологијата треба да се воспостави временска рамка за реализација на секоја цел.

Главната разликата помеѓу дефинирање на целите и мерките е дека целите претставуваат изјава за решение за решавање на прашањето, а мерките претставуваат пропишани обрасци на целите или детално објаснување за решение за решавање на проблемот; целите претставуваат изјава на конкретно прашање на животната средина, а мерките се помали чекори што доведуваат до реализација на претходно дефинираните цели.

Принципи кои треба да се исполнат во дефинирањето на целите:

- Целите се реални и практични;
- Целите дефинираат стратешки насоки за долгорочно решавање на прашањата за животната средина во локалната заедница;
- Целите даваат можност да се постигне консензус меѓу членовите на заедницата за одреден временски период;
- Дефинирањето на целите започнува со преглед на приоритетите на животната средина;
- Целите ги редефинираат на прашањата за животната средина на афирмативен начин.

Принципи кои треба да се исполнат за дефинирање на мерките:

- Мерките се мерливи и треба да се реализираат во предвидениот рок;
- Мерките ги прошируваат ресурсите и управуваат со изборот на активностите;

- Мерките се користат во процесот на евалуација и мерење на напредокот во спроведувањето на Акцискиот план;
- Мерките подразбираат конкретни активности (што може да резултира со различни реакции за дефинирање на мерки, во локалната заедница), па тие често резултираат со преговори меѓу членови на заедницата.

**Работниот лист** се користи во процесот на дефинирање на целите и мерките за секој приоритет/предизвик на животната средина. Во Табела 4 е претставен Работниот лист кој се состои од колони со еколошки приоритети/предизвици и предложени цели и мерки.

Табела 4 Работен лист со однапред одредени приоритети и предложени цели и мерки

| **Приоритетен еколошки проблем/предизвик** | **Цели** | **Мерки** |
| --- | --- | --- |
| | | |

## 7. ВОСПОСТАВУВАЊЕ МЕХАНИЗМИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЛЕАП

Формирањето на механизми за спроведување на ЛЕАП вклучува реализација на следниве чекори:

- Определување на видови на механизми кои може да се користат за да се стигне до целите;
- Избор на активности во рамките на утврдените механизми;
- Подготовка на План за спроведување на ЛЕАП;

Општините имаат различни механизми што може да се користат за да се постигнат целите за заштита на животната средина. Следните механизми (група на акции/вид на активности) се:

- Едукација на јавноста (зголемување на ***јавната свест***):
  - Образовни ТВ и радио емисии;
  - Конференции за печат;
  - Организација на еко настани;
  - Организирање на едукативни предавања;
  - Отворена комуникација со целните групи;
  - Организирање на тркалезни маси, средби со граѓани, јавни расправи, итн.;
  - Статии во печатени медиуми (национални или локални/дневни или периодични);
  - Соопштенија за јавноста;
  - Печатење и дистрибуција на постери, флаери и брошури, итн.
- ***Обуки:***
  - Семинари, работилници, курсеви;
  - Едукативни предавања во училишта;
  - Образовна факултативна настава;

  - Други видови на неформално образование.
- ***Економски алатки (стимулативни мерки):***
  - Воведување на начелото „загадувачот плаќа";
  - Спроведување на систем за наплата на потрошена вода и собирање и отстранување на отпадот;
  - Ослободување од разни даноци и такси за поединци или правни лица кои придонесуваат за заштита на животната средина;
  - Бенефиции (грантови/субвенции) за активности кои придонесуваат за заштита на животната средина (на пример, користење на соларна енергија, користење на рециклиран материјал, итн.);
- ***Развој на локални програми:***
  - Акции за собирање на материјал за рециклирање (нус-производи) од семејни куќи;
  - Акции за пошумување;
  - Акции за поставување на водоводната и канализациона мрежа со директно поврзување со потрошувачите (плаќање на трошоците за механизација и рачните работи);
- ***Технолошки мерки:***
  - Имплементирање на нови технологии.
- ***Правни механизми:***
  - Постапка за оцена на влијанието врз животната средина (ОВЖС) за одредени проекти од животната средина;
  - Добивање на Б-ИСКЗ дозвола;
  - Програма и план за управување со отпад во општината;
  - Спроведување на постапка за Стратешка оцена за животната средина (СОЖС) за даден општински план;
  - Надзор од страна на овластен/локален инспектор за животна средина;
  - Основање на претпријатие/одлука за доделување на концесија за управување со отпад во општината;
  - Забрани, итн.
- ***Истражувања:***
  - Анализа на јавното мислење за одредено прашање;
  - Анализа на концентрацијата на одредени елементи во медиумите на животната средина;
  - Анализа на тековната состојба/услови со биолошка разновидност, итн.
- ***Техничка поддршка:***
  - Воспоставување на систем за пристап до информации во врска со животната средина
  - Мониторинг на медиумите на животната средина.

Предложените акции треба да се оценуваат врз основа на следниве критериуми:

- *Ефикасност во однос на трошоците;*
- *Техничка способност;*
- *Ефикасност;*
- *Време за спроведување;*
- *Флексибилност;*
- *Прифатливост.*

Во Табела 5 е прикажан Работен лист за евалуација и избор на акции која е претходен чекор за изработка на Акцискиот план во ЛЕАП документот.

Табела 3 Работен лист за евалуација и избор на акции

| **Акции** | **Критериуми за избор на акции** | | | | | | **Вкупно (просек)** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Ефикасност во однос на трошоците** | **Техничка способност** | **Ефикасност** | **Време за спроведување** | **Флексибилност** | **Прифатливост** | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

По изборот на активностите за реализација на претходно дефинираните мерки (од членовите на Работните групи) членовите на Локалниот Управен Комитет треба да подготват акциски план за приоритетни проблеми/предизвици кои треба да го вклучат следново:

- Цели
- Мерки;
- Акции;
- Одговорна институција;
- Време за спроведување;
- Предвиден буџет и
- Можни извори на финансирање.

Табела 6 Акциски план во ЛЕАП документот (пр. еколошки проблем/предизвик): Мал процент од локалното население во руралните области во општината е опфатен со организирано собирање на отпадот)

| **Цели** | **Мерки** | **Акции** | **Одговорна институција** | **Време за спроведување** | **Предвиден буџет** | **Можни извори на финансирање** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Управување со комунален и други текови на | Подготовка на план за управување со отпад | Процена на количествата на комунален отпад во секое населено место | Општина | 2006-2007 | 10000 евра | Сопствени средства, странски донации |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| неопасен отпад | во општината | Анализа на составот на отпадот | | | | |
| | | Процена на потребните технички ресурси | | | | |
| | | Процена на потребните финансиски средства | | | | |
| | | Донесување на законски акт за регулирање на селектирањето, собирањето и транспортирањето на комуналниот и други текови неопасен отпад | | | | |

## 8. ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ОПЕРАТИВНИ МЕХАНИЗМИ ЗА МОНИТОРИНГ, ОЦЕНА И ПРЕГЛЕД НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЛЕАП

Мониторингот претставува редовно и систематско собирање на информации за напредокот во спроведувањето на предложените акции во рамките на Акцискиот план. Процесот на мониторинг треба да ги исполнува следниве чекори:

- Документирање на процесот на спроведување;
- Обезбедување на помош во одлучувањето при управувањето со поединечните активности;
- Преземање активности за евентуална интервенција/корекции;
- Обезбедување учење од искуство/повратни информации за идно планирање.

Подготовката на Планот за мониторинг за мониторинг и евалуација на спроведувањето на ЛЕАП ги вклучува следниве чекори:

1. **Анализа на целите и активностите во Акцискиот план** - за да функционира без проблеми, процесот на мониторинг треба да исполнува логистичка врска меѓу целите и активностите и дефинирањето на конкретни и мерливи цели);
2. **Утврдување на индикатори** – со нив се мерат промените во некој процес во определен временски период;
3. **Дефиниција на протокот на информации**- овој чекор ќе се постигне преку: ко информации и каде ќе се евидентираат, кој метод ќе се користи и од кого, на кој начин ќе се информира координаторот (преку интервју, итн.) и сигнализација кога информациите ќе бидат примени од одговорните лица за спроведување на ЛЕАП.
4. **Дефиниција на одговорностите**- Овој систем може да функционира само ако е поддржан од вработените во организацијата. Затоа е неопходно да се дефинираат задачите и одговорностите за спроведување на мониторингот. Важно е да се утврди: Кој ги собира информациите, кој ќе ги анализира

информациите, кој ќе го напише Извештајот и документите за известување, кој ќе го координира протокот на информации.

Планот за мониторинг и евалуација на ЛЕАП треба да содржи: Цели, Мерки за ублажување, Акции, Очекувани резултати, Индикатори, Фреквенција на мониторинг на индикатори, Одговорно лице, претставени како пример во табела 7.

Табела 4 План за мониторинг на спроведувањето на ЛЕАП документот

| Цели | Мерки | Акции | Очекувани резултати | Индикатори | Фреквенција на мониторинг | Одговорна институција |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Зголемен квалитет на водата за пиење | Реконструирани објекти за водоснабдување<br><br>Воспоставен систем за управување со објектите за водоснабдување во општина<br><br>Подигање на свеста за рационално користење на водата | Подготовка на физибилити студија за реконструкција на застарена водоводна мрежа во општината<br><br>Реконструкција на водоводна мрежа<br><br>Донесување на одлука за трансфер на објектите за водоснабдување во руралните области во надлежност на ЈКП<br><br>Воведување на економски стимулативни мерки за рационално користење на водата<br><br>Кампања за подигање на свеста за рационално користење на водата | Подготвена Физибилити студија<br><br>Реконструира на водоводна мрежа во сите населени места<br><br>Подобрување на квалитетот на водата за пиење во сите населени места<br><br>Реализација на кампања за подигање на свеста за рационално користење на водата | Број на населени места опфатени со студијата и главните приоритети<br><br>Број на километри реконструиран водовод<br><br>Број на населени места опфатени со одлуката за трансфер на објекти за водоснабдување<br><br>Големината на целната група<br><br>Број на испечатени и дистрибуирани промотивни материјали<br>Број на одржани радио и ТВ емисии<br><br>Број на средби со граѓаните | Еднаш годишно<br><br>Двапати годишно<br><br>Двапати годишно<br><br>Еднаш годишно | Г-дин Станко Петковски<br><br>Г-дин Станко Петковски<br><br>ЈКП<br><br>ЈКП |

# 9. ИЗРАБОТКА НА ЛЕАП ДОКУМЕНТ



На крајот на процесот на подготовка на ЛЕАП изготвувањето на целиот текст на ЛЕАП документот треба да се направи со главна цел да:

- Го покаже процесот на изработка на ЛЕАП и користената Методологијата,
- Претстави структурата на развојот на ЛЕАП и улогата на сите вклучени,
- Ја претстави состојбата со животната средина и еколошките проблеми/предизвици,
- Прикаже целите за решавање на еколошките проблеми/предизвици, мерки и активности за постигнување на целите,
- Даде јасен преглед на динамиката на реализација на предвидените активности
- Ги претстави основните индикатори со кои може да се измери постигнатиот напредок на предложената цел и мерки, и да биде главен извор на информации за реализација на понатамошните еколошки активности и проекти за општината.

Нацрт-текстот на ЛЕАП документот треба да биде доставен до Советот на општината за прегледување. Паралелно, процесот на јавно објавување трае (30 дена), со цел да се добие јавно мислење и коментари.

Конечната верзија на ЛЕАП документот треба да ја усвои Советот на општината.

*Одрекување од одговорност:*

*Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Ramboll Danmark A/S и нејзините конзорциумски партнери и на никаков начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија.*

*Овој проект е финансиран од Европската Унија*